СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деветтото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јануари 1993 година

Скопје, јануари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 9-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 53-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛЖА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 27.1.1993 г.**


1. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 12
2. АЛИУ ЕШРЕФ - 38, 96
3. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 46
4. АНАСАТАСОВСКИ МИТКО - 61
5. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 90
6. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 2, 31
7. ЃОРЧЕВСКИ БОРИС - 87
8. ЗЛАТАНОВ ВАНЧО - 59
9. ЗАФИРОВ ЈОРДАН - 70
10. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 51
11. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 77
12. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 9, 11
13. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 7, 97
14. МИЛЕНКОВ МАРИН - 14
15. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 18, 29
16. МАСАЛКОВСКИ ФЛОРЕ - 66
17. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 95
18. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 41
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 10
20. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 55
21. ТРАНКОВСКИ ПЕТРЕ - 8
22. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 38
23. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 8


-продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од деветтото продолжение на педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 27 јануари 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1 со почеток во 11,00 часот.

Со седницата продолжи да раководи господинот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Димитар Димитровски, Симон Наумовски, Благоја Чкатровски, Никола Апостоловски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија поднесе амандман на амандманот на член 13 став 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот за бришење на став 2 на член 13 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (11 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бричење на став 2 на член 13 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

I/2 НН/ЛБ

Отворам претрес по амандманот на амандманот на Владата на член 13 поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот на Комисијата за стопанство

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Комисијата за стопанство поднесе амандман на амандманот на Владата со единствена причина да ја забрза постапката за воспоставувањето на платниот промет со републиките од поранешна Југославија, но во консултација со Владата, а и во процедура веќе е пуштен законот за данок на добивка од корпорации сметаме дека во овој момент односно Комисијата го повлекува амандманот а да се забрза постапката за донесување на законот и од 1.1.1994 година, нема да функционира решението што сега е понудено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (12 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

I/3

Отворам претрес по амандманот на член 15 прв дел поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (12 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 прв дел поднесен од пратеникот Тодор петров.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (6 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2, 3 и 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 10 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 став 2, 3 и 4 поднесен од Пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на членовите 18 став 2 и 3 20 и 23 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 12 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членовите 18 став 2 и 3, 20 и 23 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 и 2 и за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (12 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот член 2 став 1 и 2 и на додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 и 2 за додаваше нов став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 6 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 став 1 и 2 и за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 7 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (50 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (15 пратеника)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за данокот од добивка.

Минуваме на **<u>точката 67</u>** - <u>Предлог на закон за хартии од вредност.</u>

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комиси- јата за стопанство и Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени .

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за пренумерација на членовите 14, 15 и 16; член 10;член 11 став 4; член 14 став 2; член 19 и член 29 став 2 и 3; член 15 став 2; член 17 став 3; член 18; член 20 став 3; пренумерација на главите IV и V член 33; член 37 став 1; член 41 став 1; член 43 став 3; и член 54 став 3; член 47; членовите 50, 51, 52, 54 и 55; член 53; член 56 и член 57; и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 4 и во сите останати членови зборовите "домашна валута" се заменуваат со зборот "денари", со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 41 став 1 член 42 став 2 и член 44 став 1 по кој Владата се согласува и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (60 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (8 пратеника)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за хартии од вредност.

Минуваме на **точката 68** - Предлог на одлука за потврдување на финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1992 година

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој и Законодавно правната комисија, како и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Комисијата за финансирање и буџет смета дека со оглед на изминатиот период од цела година беспредметна е расправата по финансискиот план што е усвоен и реализиран во Народната банка на Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (63 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за потврдување на финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1992 година.

Минуваме на **точката 69** - Предлог на одлука за измена на одлуката за основање на јавно претпријатие за водоснабдување, "Студенчица - Златовица".

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за стопанство, Законодавно правната комисија и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Комисијата за стопанство и Владата сметаат дека нема потреба од измена и дополна на постојната одлука.

Законодавно правната комисија не го разгледа Предлогот на одлуката поради немање кворум.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници, бидејќи ние со господинот Симеон имавме доставено заклучоци до Владата и до ова Собрание, а на преговори се и Собранијата, корисници на овој регион. Направени се договори со Собранието на Прилеп и Кичево, меѓутоа немаме направено договори помеѓу општините М. Брод и Крушево. Според тоа барам оваа точка од дневниот ред да се одложи за 56-та седница, како би можеле собранијата да се договорат и да донесат свој став и заклучоци и заеднички да настапиме во решавањето на овој проблем.

Го молам Собранието да го прифати предлогот за одлагање на оваа точка за 56-та седница.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Прво, го прифаќам предлогот за одлагање на оваа точка При тоа сакам да кажам дека никаков пазар со водата, ниту било какви калкулации со јавното претпријатие "Студенчица - Злетовица" не е допуштено и ова Собрание веројатно нема да допушти, работите да се пренесат од комунален на политички проблем. Затоа никакви пазари со Собрание, бидејќи е тоа еднаш завршена работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи едниот предлагач е Стојан Личовски а другиот од Прилеп Симеон Наумовски кој не е тука, а друг пратеник од Прилеп се согласува со одлагање, сфаќам дека предлагачите бараат да се одложи оваа точка.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Да не дојде до забуна, ние го прифаќаме предлогот за одлагање на точката бидејќи во Прилеп, каде што бевме присутни сите пратеници, со исклучок, на Алил Џаферовски, беше договорено оваа точка да се одложи, па сите собранија да се договорат и да се даде на писмено предлог заклучоци, да ги нема досегашните расправии и тој проблем да се реши меѓу општините. Така изготвениот материјал да се достави до Владата и до ова Собрание.

Целта ни беше на сите присутни на тој состанок, и на општините овој проблем да се симне од дневен ред во ова Собрание и ова што беше неколку години station наназад.

Јас исто така сум задолжен да кажам дека ова и од Собранието на Прилеп и од останатите пратеници оваа точка да се одложи, бидејќи работите тргнаа кон добро во однос на она што беше досега.

II/1.- ЈМ/ЉР

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме предлог за одлагање на точката од дневниот ред. Тогаш, да го усвоиме предлогот. Точката се одлага од дневниот ред.

Минуваме на **точка 71** **-** Предлог на одлука за овластување на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката и Извештајот на ЗПК ви се доставени, односно подлеени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

За оваа точка морам да дадам одредено објаснување, бидејќи ЗПК има одреден став кој сметам не е правилен и не е заснован ниту на Устав, ниту на закон и е спротивен на Деловникот. Комисијата за избори и именувања имаше одлука ова Собрание овластување да делегира членови во совети на основни, средни училишта исто и во конкурс ни комисии. Со оваа нова одлука бараме дополнување на ова овластување да може Комисијата да делегира членови во совети на институции од републички карактер и во конкурсни комисии. Наспроти тоа ЗПК смета дека Комисијата не може да биде овластена. Сметам дека Комисијата може да биде овластена како и во 1991 година што имаше донесено и тоа на член 282 став 3 од постојниот Деловник каде стои: одлука како извршен пропис може да донесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата ако таа е овластена од Собранието. Ова овластување го бараме бидејќи овие делегирања се многу задоцнети заради траењето на седниците и не можат да се спроведат одредени конкурсни постапки и да се конституираат

советите. Ние имаме одредени предлози за совети на кои им се истекнати мандатите, еве година дена не можат да се конституираат. Сметам дека оваа одлука е на основа Деловникот и мислењето на ЗПК е неправилно дадено. Комисијата може да биде овластена, таа само утврдува членови, а членовите самостојно во советите и во конкурсните комисии си одлучуваат за предметот од работењето на тие комисии.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Законодавно - правната комисија не можеше да го прифати од причините наведени во одредбата на член 71 од Уставот сврзана со правата кој има право да поднесе право за предлагање на закон и други акти со кои Собранието ја врши својата функција. Таму јасно стои дека тоа може да го стори пратеник, Владата и 10 илјади избирачи односно граѓани. Што значи дека работните тела на Собранието со ништо не се овластени да поднесуваат вакви предлози. Ние на Комиисијата, а и на г-динот Крстевски му предложивме да овој предлог што оди, одиме на Комисијата биде потпишан, или ставен предлог од еден пратеник , или група на пратеници не ќе имаше никаква пречка да има законска можност да се прифати ваква одлука. Меѓутоа овде се нуди едно незаконско решение, односно не уставно решение и затоа сметаме дека ова не треба да се прифати.

Околу оваа работа ние имаше уште еднаш ваков еден предлог ова Собрание се произнесе дека не можат вакви одлуки да донесуваат работните тела и да предлагаат и сега било нецелисходно, нетрадиционално како да кажам, недоследно од Собранието да го менува својот став за секој случај посебно.

II/3.-

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Прво, и овој став усмено изложен е сосема неправилен и во самиот Предлог - одлука ви е ставено: се заснива на член 68 став 2. Собранието покрај закони носи и одлуки, тоа е во членот 68 став 2 каде што се вели: Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, декларации и други акти. Значи ова не е изедначено со закон, бидејќи се знае дека закон може да предложи пратеник, Влада, или 10 илјади избирачи. Но тука во членот 68 став 2 што се наведува и во самиот Предлог - одлука се работи за одлука. И во другиот дел во однос на предлагачот сметам како работно тело единствено одлуки може да носи оваа Комисија. Друго, и составот на Комисијата е исклучиво од пратеници. Сосема текстуално е јасно дека може да донесува одлука. Исто така на 6 јули 1991 година имаме донесено ваква одлука. Бидејќи имаме приговори заради рокот на ова делегирање на овие членови. На пример, во составот на телевизија ние имаме пред време мислам да се изврши избор на состав на телевизија, меѓутоа мандатот е стекнатина постојниот, наместо ние предвреме да го смениме, ние и дури задоцнивме и од другите установи имаме приговори чисто заради процесно работење, приговарање да се забрза работата. Ние се не можеме на Собрание. Ние имаме и делегати странски кои посетуваат низ светот, па не ги поставуваме тука. Овде се само членови како претставници од општествената заедница тие таму одлучуваат полноправно. И понатаму си остануваат овде да доаѓа разрешување согласно донесување на законите. Ова е едноставно делегирање на место покрај основни и средни школи и во установи од републички карактер, а тие тамус8длучуваат, а тоа е изричито кажано во член 68 каде Собранието донесува и одлуки. И во однос на толкувањето на

ЗПК треба Владата да даде на нашиот Деловник каде изричито си стои 282 став 3 одлука, како извршен пропис може да донесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата ако таа е овластена од Собранието. Јас не знам овде што не е јасно и текстуално.

**АБДУРАХМАН ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, има две основни причини заради кои оваа одлука не треба да се донесе.

Првата ја кажа претседателот на ЗПК и рече дека одлуката не е предложена од овластен предлагач.

Втората причина е од поинаква природа. Собранието на Република Македонија со одделни закони е овластено да именува претставници на општествената заедница во органите на управувањето на организациите на здружениот труд како што стои во текстот на Законот и да именува членови на конкурсните комисии за именување на работоводни органи во тие организации и во организациите што вршат работи од интерес за Републиката, или порано се викаше од посебен општествен интерес. Ако Собранието се одлучи да донесе одлука со која ќе овласти работно тело да одлучува по овие прашања, тогаш задира во пренесуван на своја надлежност на работно тело на Собрание. Тоа со други зборови значи изменување на соодветните закони со кои ова Собрание е овластено да врши таква работа. И тоа на еден поголем број на закони. И на законите од областа на образованието и законите од областа на науката, од областа на културата итн. Според тоа, и покрај тоа што стои фактот дека со пренесувањето на ова овластуваше би се рационализирала работата на Собранието, тоа сепак не може заради таа причина да се донесе оваа одлука, затоа што тоа значи изменување на прописи кои што ова Собрание

ги донесе. Оттука ја користам можноста во оваа прилика да кажам дека при донесувањето на законите од овие области каде што државата има интерес да делегира претставници на државата во управувањето со тие органи во именувањето на индивидуалните работоводни органи итн. да се размисли тоа овластување, но со законите, со соодветните закони да се пренесе на друг орган, но со закони, не со одлука за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувања, затоа што ги направиле опасен преседан во непочитувањето на Уставот и на правниот поредок доколку така би постапиле.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Еве добивме дополнителни разјаснување за ставот на ЗПК Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор по текстот на Предлогот на одлуката. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (29 пратеници креваат рака

Констатирам дека Собранието не ја донесе одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на **<u>точка 72</u>** - <u>Информација за состојбите и проблемите во откупот на земјоделските производи оризот, тутунот, сончогледот, грозјето и друго од реколтата 1992 година и мерките кои треба да ги превземе Владата на Република Македонија.</u>

II/6.-

Владата на Република Македонија достави информација за вкупните состојби и проблеми во аграрот во 1992 година која ви е поделена.

Комисијата за земјоделство и шумарство ја разгледа Информацијата што ја поднесе Владата и му предлага на Собранието наместо Информацијата што е утврдена како точка во дневниот ред Собранието на денешната седница да расправа по Информацијата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во 1992 година. Тоа се разбира не значи и промена на дневниот ред. Тоа што е на дневен ред, си е на дневен ред, а овој материјал што го испратила Владата нека си биде тука при рака и луѓето да се служат со тоа, а не да менуваме дневен ред. Според тоа ова треба да го земеме само како обрнуваше на внимание што ни го чини нам Комисијата дека дошол и нов материјал.

Отворам претрес Кој бара збор?

**МАРИН МИДЕНКОВ:**

почитуван претседателе, почитувани пратеници, согласно заклучоците на Собранието на Република Македонија донесени на 18 февруари 1992 година и заклучокот донесен на 51-та седница на Собрани-ето на Република Македонија изготвена е од страна на Владата на Република Македонија Информација за вкупните состојби и проблеми во аграрот во 1992 година која во меѓувреме на 53-та седница ви беше поделена. Собранието на Република Македонија во повеќе наврати водеше дискусија за проблемите и состојбите во аграрот во целина при што беше општа констатација дека во Републиката недостасува долгорочна аграрна

политика со чиј инструментариум ќе се создаваат услови за несметан развој на агрокомплексот. Меѓутоа, во 1992 година мораме да констатираме дека нестабилните општествено политички услови, затвореноста на пазарот, блокадата на патниот сообраќај, блокадата на платниот промет надвор од Републиката, недоволната и ненавремена набавка на потребните репроматеријали имаат директно негативно влијание врз функционирање на основните економски механизми, квалитетот и обемот на земјоделското производство и покрај таквите услови земјоделското производство бележи позитивни резултати во физички обем на производството, додека финансиските резултати се незаводоволителни. Во врска со проблемите и состојбите во производството и откупот на одделни земјоделски култури во текот на годината беа поднесени повеќе поединечни барања, на пример за проблемот со тутунот, оризот, јаболката, млекото, кредитно - монетарната политика во аграрот, реализацијата на програмата за поттикнување на земјоделското производство по кои Владата на Република Македонија изготви посебни информации. Комисијата заклучи да истите послужат за информирање на пратениците и како одговор на подносителите на овие барања. За да Собранието не расправа посебно по поединечните проблеми и состојби за одделни култури, Комисијата сметаше дека е поцелисходно да се изготви расправа по една целосна информација. Информацијата што ви беше доставена да ва реален приказ на вкупните состојби и проблеми. Меѓутоа, во неа недостасуваат предлог- мерки и активности што би ги превзела Владата за надминување на веќе познатите состојби и проблеми кои во текот на годината беа покренувани преку асоцијации, или поединечно во одделни региони на Републиката. Ако ги анализираме заклучоците од 18 февруари 1992 година кои се сеуште актуелни

законската регулатива која е донесена во оваа област, антиинфлационата програма и дополнителните мерки можеме да констатираме дека вкупните општествено политички и економски состојби во Републиката најнеповолно се одразија на земјоделското производство и ефектите од истото.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ**: (продолжение)

Исто така мораме да потсетиме дека и во расправата на Ребалансот на буџетот за 1992 година и Одлуката за привремено финансирање на функциите на Републиката, посебно се расправаше за проблемите и состојбите во оваа област, при што беше заклучено дека мора да се извршат обврските согласно законските прописи за 1992 година, како и при утврдувањето на Буџетот за 1993 година, посебен третман да се даде на земјоделството, во смисла на обезбедување на потребните средства за планираното земјоделско производство и законските обврски за истото. Сметам дека заклучоците што ги предлага Комисијата по Информацијата, кои се содржани во нејзиниот извештај се сеопфатни и нудат услови за надминување и ублажување на неповолните состојби во агрокомплексот во целина. По овие заклучоци Владата на Република Македонија не се произнела, меѓутоа сметам дека треба да вложи напори согласно општествено - политичките услови и финансиските можности перманентно да изнаоѓа можни решенија за оваа област како основна и стратешка база за натамошниот развој на Републиката.- Преку заклучоците кои ги предлага Комисијата за земјоделство и шумарство се предлагаат и конкретни мерки со кои ќе се создадат поповолни услови за поуспешен развој во аграрот како и за надминуваше на моменталните тешки состојби и проблеми во кои се најдоа некои гранки во земјоделството• Заклучоците обврзуваат и преземање на некои активности и тоа: итно изградување и донесување на долгорочна програма, аграрна политика во Република Македонија. Итно донесување на законите од оваа област усогласени со Уставот и системските закони. Позабрзано реализирање на заклучоците на Собранието на Република Македонија од 18 февруари 1992 година и предложените мерки кои се сеуште актуелни. Преиспитување на кредитно-

монетарната политика во аграрот, царинската политика, даночната политика, поврзаноста на науката и примена на научните сознанија во праксата, обезбедување средства во Буџетот за поттикнувачки мерки за развојот на земјоделството, создавање услови за надминување на проблемите во откупот на пласманот на земјоделските производи, ревитализацијата на селото и други активности. Затоа укажувам дека ова Собрание расправало и ги познава проблемите во оваа област и предлагам расправата да се води конкретно по заклучоците предложени од Комисијата, при што да се предлага нивно дополнување или изменување во функција на изнаоѓање на реални решенија за надминување на неповолните состојби и проблеми во агрокомплексот во целина.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, го слушнавме излагањето на претседателот на Комисијата за земјоделство и шумарство, со изнесените заклучоци што истото ги донесе. Но покрај сето тоа јас би направил неколку забелешки во однос на досегашната реализација на информациите и заклучоците од страна на

Владата и ова Собрание. Во информацијата добро е речено за сите овие работи, како и информациите што ги поднесуваше Владата, како тоа сето да е сторено, се течело добро, меѓутоа јас ќе направам неколку забелешки. Прво, при извршувањето на пролетната сеидба, покрај заштитните репроматеријали, средства и други, што ако се сеќавате на Собранието донесовме одлука и заклучоци дека ги изедначивме земјоделските производители со општествениот сектор и оттогаш рековме дека нема да велиме општествен и приватен сектор во земјоделството, туку сите со едно име ќе ги викаме и дека тие сите ќе користат такви привилегии

како што ги користи општествениот сектор. Од сето тоа мене ми се чини дека ништо не се направи во однос на користење на тие средства во земјоделството. Само може да се наброи некои регреси што беа дадени во однос на семенските материјали и вештачкото ѓубре, а воглавно се што требаше да се користи во земјоделството како машини, делови на машините сите повторно продолжува општествени сектор да ги користи со писма со 50% регреси, а индивидуалниот сектор продолжува да ги купува со истата цена 50% поскапо од општествениот сектор. Сега ќе кажам за снабдувањето со нафта. Во прво време може да се рече дека одлично тргна работата и дека регресот беше добар и беше регресирана нафтата, а во последно време само тоа се направи еднаш, по една количина што зедоа, понатаму со настанатата кризна нафта, покрај тоа што требаше да биде регресирана, покрај тоа што не беше регресирана, беше дозволено да се продава по многу повисоки цени од реалната цена. Беше речено дека треба да ги чуваат исплатните белешки од нафтата и дека ќе им се исплатува во текот на годината, меѓутоа тоа до денеска ништо не е направено. Иако Собранието ми се чини донесе одлука за намалување на царинските давачки на нафтата со цел да се продава нафтата до 540 денари, а таа не се продаваше по толку, иако беше направена таква отстапка од царините, таа се продаваше по 800 денар литар нафта. Мене ми е познато дека и во Министерството за стопанство е формирана и комисија за испитување на ваквите прекршители во однос на општествениот сектор и индивидуалниот сектор кој тргуваат со нафта и требаше да се придржуваат на ова и требаше да се испита кој колку нафта донесе, каде ја даде и по која цена и тоа ништо не се направи и така си остана да оди понатаму. Така да земјоделците беа принудени каде ќе најдеа да се снабдуваат да набавуваат по скапа цена, со марки, иако

платежно средство кај нас се македонски денари, така да мораа да бараат марки да купуваат на диво марки да купуваат нафта и тоа не по онаа одредена цена на нафтата од царинските давачки. Таа комисија што беше формира! да испита и каде отидоа поголем број цистерни кој со нашите скудни девизни средства се набавуваше од странство, а не беше поделена низ Македонија, туку цели цистерни го заминуваа патот понатаму и не се знае каде одеа. Комисијата не го стори своето и не кажа што е направено со продажба со висока цена на нафтата, како и онаа каде отиде.

Зборувавме многу пати за развојот на сточарството. Иако секаде тоа се прави во другите држави, секаде за унапредување, ние само зборуваме за унапредување на сточарството, а до сега незнам што е направено, ми се чини е направена некоја некаде каде не е му е местото, дадени се некои кози во рударството, каде не им одговара дејноста за унапредување на сточарството, а ми се дава во рударството и оттаму се распоредуваат и одат каде што не треба тие работи. Ние ако мислиме на унапредуваше на сточарството треба ние да донесеме закон за откупот на јагнињата и телињата во Република Македонија да се одреди еден стандард до колку килограми ќе се колат телињата и јагнињата, а не да се колат мали телиња со мала килажа испод 100 килограми но треба да има како во другите држави поголема количина над 300 кг. така што на тој начин добиваме и поголем фонд на сточарство и од едно грло добиваме поголемо производство на месо. Исто така треба и забрана за колење на женските јагниња, ако сакаме да направиме приплод на сточарството. Од каде ќе го умножиме сточарството, кога во ниеден општествен сектор и кај ниеден

III/5.-

производител не се зачувани женските јагниња. За тоа да можат да го постигнат земјоделците, за тоа требаше да се компензира или да се изнајде начин неколку години station наназад тој женски фонд на јагниња да се зачува, така да за 2 -3 години ќе беше унапредено сточарството. Донесовме и одлука за кредитирање на сточарството, а поготово во ридско - планинските краишта и кажавме дека ќе даваме по 50 овци на некои земјоделци, се разбира не можеме на сите така по 50 овци бесплатно или 5 крави бесплатно или да му повратиме земјиште кој има таму да живее, да му додадеме друго ако нема по 5 - 6 ха со тоа да создадеме стимул за развој на сточарството. И тоа иако имаше заинтересирани, иако поднесоа барање од тој крај ридско - планински, до денес мене ми се чини на никој не му е дадено и никој тоа не го искористил. Јас сум свесен за тоа дека оваа наша сиромашка држава не беше во состојба да ги задоволи сите барања, но да почнеме во едни општини да дадеме на еден, двајца или тројца барем ќе се знаеше еве почнавме барем со унапредувањето на сточарството и другите земјоделски дејности. Иако јас тогаш ова исто го поставив како прашање ми беше одговорено дека не е правилно прашањето кога го поставив каде се фондовите за овие намени, наместо да се каже каде се фондовите ми беше одговорено дека прашањето е неправилно поставено, а се разбира неправилно е поставено, затоа што никаде немаше даден таков кредит и не можеше што да одговорат. Одговорот е навистина точен дека прашањето не е на место. Зборувавме дека и тоа ми се чини дека беше зацртано за изградба на ридско - планинските краишта, барем во некои места на некои мали земјени брани за напојување на добитокот и за обогатување на рибниот фонд и за напојување на стадата каде што ги има и тоа мене ми се чини дека во другите места незнам да кажам во Републиката, меѓутоа во Битола не е направена ниедна таква земјена брана, каде што иако имаше голема потреба во реоните каде што располагаат со такви суводолни реки

кои во текот на зимата можат да акумулираат доволно количина на вода и можат да се користат за напојување од добитокот, за рибен фонд и за наводнување на површините. Кога зборуваме за сточарството велиме дека и одвојуваме и за вештачки ливади. Колку чини таа вештачка ливада и каде е создадена, кога ние во нашите земјоделски комбинати им даваме да разоруваат пасишта од седма и осма класа, да ја претворат во ораници, каде што вложените инвестиции никогаш не ги вратиле, ниту ќе ги вратат, а тие со никакво инвестирање би биле огромни убави пасишта за развој на сточарството. Јас тврдам дека таквите разорани ораници во нив којзнае колку да инвестираме во земјоделството, ние никогаш нема да ги добиеме вложените инвестиции, само му нанесуваме штета на населението таму, само трошиме инвестиции и плус тоа не го развиваме сточарството, затоа пасиштата кои служеа за огромните сточни стада веќе ги затвораме. Сметам дека овие пасишта ако беа дадени така ќе се развиеше и нема да имаше потреба од создавање на вештачки ливади. Прано огромното сточарство не се добиваше од вештачки ливади, туку од природни, онакви какви што беа пасиштата таму. А овде забележав од некои што рекоа дека за вештачки ливади е дадено 50 милиони денари, за сточарство 171 илјада денари, за брани 161 милион денари, за земјоделство 114 милиони денари. Јас се прашувам, а подолу стоеше речено дека се 50% искористени, 50% не се искористени. Се прашувам прво каде тие се дадени ако се дадени, кој ги искористи, каква е намената од нив, такво беше и моето прашање тогаш, а ако не се 50% искористени, зошто не се 50% искористени, зошто сме чекале да помине годината и да не се дадат тие. Јас сум сигурен дека имаше полно барања од наши индивидуални земјоделци да им се даде услов и со нивно учество за да се добијат овие кредити. Никаде тоа не е направено, барем во Битолска општина.

III/7.-

Сега ќе кажам за откупот на земјоделските производи. Земјоделските производи може да се рече, да не речеме дека се е црно во ова време, со донесените заштитни цени, само најреално, најпаметно најубаво помина откупот на пченицата, иако со мало задоцнување, беше исплатено на време и парите тогаш беа дадени, веќе си го добија своето затоа што ги гризна малку и нив инфлацијата, но може да се рече дека добро се помина со пченицата. Но прашањето е друго сега во тој однос. Ако зборуваме за откупот на пченицата на 140 денари по кг., сега каква инфлација е со откупот, колку пати е поскапен лебот. Овдека ако не се лажам дека со последните цени на лебот, а откупено е по ниска цена пченицата, сега со ова покачување некаде лебот ќе дојде 8 до 8,5 кг пченица за еден кг. леб. Што значи, бидејќи сите купуваат леб кај нас и граѓаните и на село што живеат, што значи и ако им дадовме, од друга страна едно им даваме 5 им земаме. И наместо да ги стимулираме, мене ми се чини не ги стимулираме, но ги ограбуваме, а овие вакви промени сите еднакво не ги поднесуваат. Овде најмногу трпи производителот и потрошувачот, а трговијата меѓу овие двете гранки вметнато, тие никогаш не губат ништо затоа што ако се поскапи 20% тие ќе си добијат 21%, така да повеќе добиваат повеќе отколку помалку.

IV/1 СП/СЛ

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (продолжение)

И затоа ми се чини дека овде не сме нашле решение да ги усогласиме овие односи на производи - потрошувач и меѓу нив од купувачите и трговците што ги откупуваат производите. Ова го велам не само на земјоделските производи, туку и за индустриските и за текстилните и прехранбените каде со истите добиени пари за цела година тој треба да се снабдува, а цените секојдневно растат. Тоа можеби не е само за земјоделците, тоа може да важи и за луѓето кои се во работен однос и тие на некој начин се осиромашени со ваквиот секојдневен пораст на цените. Ќе покачиме 20-30 проценти плата, а сите производи 3-4 пати повеќе и наместо да им помогнеме им одмагаме на сите. Со тоа неминовно се налага сечење на безредна хартија за да ги покриваме нашите неисправни работи во стопанството.

Откупот на сончогледот беше со големо задоцнување и парите им ги изеде инфлацијата. На два три пати беше исплатено по еден месец така што по тоа ништо не можеше да се добие со тие пари.

Откупот на шеќерната репа исто така беше со задоцнување. Кога се направи пресметката приватниците кога ја направија пресметката, ја предадоа репата, тогаш марката беше 640 денари. При исплатата на репата таа стана 1200 денари што значи за 50% беше изгубена цената на репата а исто така и за цената на сончогледот. Но и покрај тоа што не е исплатена премијата, а не е исплатена премијата и за минатата година кога ова Собрание донесе заклучок прво беше 50% од откупната цена, а потоа се изјалови дојде 30% и тоа 30% испари и испадна ништо проценти да се дадат, но до денеска ни тоа не е дадено ни едната ни другата премија.

IV/2

Да не ги набројувам и другите производи за грозјето, оризот, индустриските производи, откупот на доматите иако за доматите имаше секогаш откупна цена 1:2 со шеќерната репа ако шеќерната репа беше 35 индустрискиот домат требаше да биде 70 но оваа година се откупи со 22-24 денари и со задоцнување од два месеца исплата на доматите, па замислете што добија од тие пари.

Во трговијата и другите фабрички производи не се губи од вид срамнувањето со курсот на марката на сите цени било прехранбени, индустриски и текстилни си оди со курсот како се качува марката така ги покачуваат цените, а цените на земјоделските производи остануваат на истата линија изедени од инфлацијата и кај нив нема пораст на цените иако по два месеци се исплаќа, се исплаќа истата сума а не со инфлационата стапка со порастот во однос на марката како што го прават со вештачките ѓубрива. Сега е веќе одредена цената на вештачките ѓубрива и за една вреќа тарана за пролетно потхранување кое е во ек е 22 илјади денари, а 3х15 комбинирано ѓубре тоа е 32 илјади денари. Колку килограми пченица треба да даде еден земјоделец за да купи еден килограм вештачко ѓубриво. Се прашувам дали тоа ќе го покрие придонесот со толку висока цена на вештачкото ѓубриво и кога селанецот ќе направи пресметка, кога ќе го фрли ѓубрето дали ќе ја покрие разликата на добивање на принос без вештачко ѓубре и со вештачко ѓубре. Тука ништо не сторивме и со тие цени ќе дојдеме во ситуација да не можеме да ги употребуваме вештачките ѓубрива а да не зборувам за другите репроматеријали сите одат со она; цена што ја реков кај општествениот сектор со регрес, а кај индивидуалниот со сто процентни плаќања.

IV/3 СП/НД

Кај откупот на тутунот во прво време кога ги донесовме цените беа навистина реални за тоа време, меѓутоа, до времето на откупот тоа стана ништо иако на неколку пати интервениравме со покачување на цените на тутунот пак сме изиграни. Еве на пример откупните претпријатија изнајдоа друг начин ако ја одредиме повисока цената што направија тие на производителите? Тие првата во втора, втората во трета, третата во четврта класа и пак е тој во добивка а не селанецот. Тие не ги добија соодветните цени и наместо да ги подобриме пак ги поткраднавме. И не ја добија вистинската цена.

На пример заземена позајмица за 150 иљади денари од страна на производител на тутун за шест месеци платил камата од 242 иљади денари. За земена машина за садење, бурето самиот го купува, рамото го дава организацијата и две-три цевки што иде расадот низ нив тие им ги дава фирмата за 450 иљади денари за шест месеци им е земено 624 иљади камата. За еден килограм најлон што го земаат луѓето за покривање на расадот во износ од 3 до 4 иља, денари, за шест месеци е платена камата 9 иљади денари за килограм. Каде му се парите сега.

Во однос на осигурувањето на тутунот кога ќе појде комиси- јата на лице место ќе му рече што се плачеш за десет дваесет корења другото не ти е оштетено а кога ќе дојде ред за предавање на кантарот ќе му рече абре ова е смуѓ, истепан ти е од градот не чини ајде подолна класа. Значи кога ќе дојде на кантарот е отепан од градот а кога ќе дојде цени осигурувањето кое велам дека е нереално направено, тогаш нема многу истепано, туку неколку корења. ВО секој однос се омаловажени и поткраднати производителите.

За илустрација ќе ви наведам еден пример на еден индивидуален производител на тутун, еве ја пресметката (пратеникот ја покажува пресметката) кога го предал тутунот требало да земе 1.800.000 денари, а чисто му останало со платени давачки, камати му останало да земе 640 илјади денари. Сега тој си вели, па зошто да работам. А сакаме производство да имаме.

Уште малку ќе ви одземам внимание кое не е опфатено во материјалот,а го има во заклучоците на Комисијата за земјоделие и шумарство, еве претседателот ги спомна, меѓутоа, сакам да напомнам иако ние секогаш велевме за развој на ридско - планинските краишта и за Мариово до сега ништо не е сторено, па сакам да ви одземам уште малку внимание да видите што е сторено со нашето Мариово.

Би сакал од оваа говорница да ви го свртам вниманието ваше и на Владата господа пратеници во еден моментално празен простор кој го уништи нашиот социјализам во изминатите 45 години а тоа е Битолско Мариово. Кога зборувам за битолско Мариово не зборувам само за мал дел, туку Мариово го сметам од грчката граница Живојно, па наваму, битолско, прилепски, па и кавадаречко, а конкретно ќе се задржам на нашата општина.

Овој простор во турско, бугарско и српско време беше пренаселен крај, а народот се одликуваше со својата работливост издржливост, борбеност што го докажа и самата историја. Ова Мариово зафаќа над 500 м$^2$ што претставува над 20% од површината на битолската општина. Во него има 16 села во кои моментално живеат 1000 жители, а пред 45 години, во овој крај живееја над 13 илјади жители и кои располагаа со над 60 илјади овци, 8 илјади грла крупен добиток, 30 илјади кози и над 6 илјади друг добиток. Замислете колкав бил овој сточен фонд, денеска во последните

години ова е сведено на 10 илјади грла крупен и ситен добиток. Веднаш човек ќесе запраша дали не е направен прав пустош во овој дел на Македонија и кои се причините што дојде до ваков пустош. Народот од овој крај секако не го направи тоа. Но кој? Секако раководителите на Република Македонија во тие години.

ВО овој крај денеска постои еден патен правец долг 50 километри кој почнува од Битола до Гратешница. За сиве овие годиш е асфалтиран само 26 километри, а останатиот е селски пат кој три- четири месеци во годината е непреоден. Има уште еден пат кој тргнува од Битола и пак се спојува таму тргнува од Битола, Кременица - Бач до Бач е асфалтиран а нагоре пак селски пат кој е исто така непрооден. До денеска ништо не е сторено за тоа.

Некои села како што е Груништа нема уште електрична енергија а да не зборуваме за телефони, ветеринарна станица и селски амбуланти. Иако селаните се претежно стари луѓе кои се бават со сточарство и земјоделие мака мачат за нивните производи затоа што се оддалечени со многу километри од пазарот и со немање на патна мрежа да можат да ги пласираат своите производи како што се млекото, млечните производи, волната и откупот на јагнињата и другите производи.

Од друга страна овој крај изобилува и располага со речна мрежа и тоа Црна Река, Коњарка, Трновка, Гарешка Река, Бела Река, кои се полноводни во текот на цела година и претставуваат голем воден потенцијал на битолско Мариово, а од овие реки Македонија не користи ништо, не е направена ниту една мала брана ниту голема брана и сета вода им ја пуштаме на Грција да ја користи за наводнување на нивните полиња,а нашите полиња ги оставаме на осуда на природата.

IV/5

Да не зборуваме и за рудното богатство какво го има. Од досегашните испитувања од овластените организации е востановено и може да се провери дека располага со огромен потенцијал на разни видови руда.

Во однос на шумското богатство Битолско Мариово располага со над 15 иљјади хектари шума и тоа бел бор, црн бор кој е редок во светот, даб, бука и други дрвја со над 2,5 милиони метри кубни дрва и со годишен прираст од над 50 иљјади метри кубни дрва, а со сеча над 30 иљјади $м^3$ годишно што значи огромен е потенцијалот ако се користи правилно.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам зборувајте за земјоделието.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Па и ова е земјоделие.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Но, за Мариовскиот крај не е предмет на расправа.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Сакам да го опишам крајот кој претставува воздушна бања, а да не зборуваме за производство на здрава храна што може да се произведе во тој крај.

Јас како пратеник го покривам и тој крај и се гордеам со таквото Битолско Мариово кое е реткост во светот. Ве прашувам вас господа пратеници, а и Владата и претставниците на политичките партии што сторивме ние за овој крај од изборот па до денеска. Значи никој не е свртен кон тој крај до сега да почнеме да го развиваме тој крај како што тоа го зацртуваа сите политички партии во своите програми. Се прашувам дали не е време заедно сите ние Собранието, Владата, пратениците да се

размислиме што со ова Мариово и што можеме да сториме и дали не е време да отпочнеме со таа реализација за остварување на идеалите за враќање на тој живот во Мариово.

Кога поставив прашање за ридско - планинските краишта, се располага со сигурни податоци дека постојат такви фондови во овој крај и поставувам прашање што сторија овие фондови, каде до сега ги даваа средствата, на кого и колку е тоа реализирано. Барам одговор од фондовите да дадат извештај каде се потрошени парите од ридско планинските краишта и развој на Мариово. Се располага со сигурни податоци дека до сега се доделени од овој фонд средства на име на развој на Мариово кои се добиени во општината Битола, а користени се во ЗИК Пелагонија, рудник Живојно 11 октомври село Гнеотино каде немаат никаде допирна точка со развојот на Мариово.

Исто така поставувам прашање зошто за овој празен простор со направената програма во 1985 година за развојот на Македонија не е реализиран ни еден потег иако во таа програма беа зацртани многу дејности од областа на сточарството, земјоделието и другите гранки кои треба да се развиваат во Мариово.

По сето ова јас имам конкретен предлог кој сакам да биде ставен на дневен ред и тоа:

Владата и Парламентот да одобрат посебна сума на пари преку Фондот за реализација на овој крај и тоа по поднесените барања и програми од индивидуалните производители. За говедарство, овчарство, козарство, пчеларство, овоштарство, билкарство, изградба на мали земјени брани, рибарство, шумарство и изградба на мини хидроцентрали.

Второ да се дадат додатни средства за инфраструктурата.

Трето, Владата да изработи посебна програма преку постојните ресори за целосен развој на овој крај на Македонија битолско Мариово.

Четврто, организациите кои се регистрираат и работат во овој крај на Мариово и ридско - планисните краишта да имаат посебни овластувања во однос на обврските спрема државата.

Господа пратеници и Владата. Наша Македонија се соочува со огромни проблеми во однос на исхрана на својот народ со млеко, млечни производи, месо и месни производи, а со каков потенцијал располага таа природа и колку можеме да произведеме таква здрава храна која нема само да го задоволи нашиот народ, туку ќе може да се произведе и за извоз.

Не сакам повеќе да зборувам, само сакам да ја потсетам господата од Парламентот и Владата и другите кои на 15 мај 1992 година го посетија селото Граешница и приватното претпријатие Мариово импрес и режискиот одбор за развој на Мариово и за донесените заклучоци на истите тие за да видат и дали не се уверија дали не е реално што го поставив и не заслужува поголемо внимание. Со еден збор јаки и развиени села, јака држава.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор има господинот Петар Горѓиев.

**ПЕТАР ЃОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ќе се потрудам да бидам пократок во мојата дискусија, а тоа ми го овозможи и ставот на Владата од причина што она што го имавме како Предлог на дневен ред.

V/1.- ПЈ-ВБ

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:** (продолжение)

Не е и опфатено во материјалот кој што го понуди Владата, а воедно со еден збор не упати на тоа да водиме расправа за вкупните состојби и проблеми во аграрот. Но мојата дискусија ќе ја скратам во функција на нашата расправа што ја имавме уште во февруари 199 2 година кога расправавме за актуелните состојби и проблеми каде што три дена во моментот на одреден начин се предложија доста заклучоци кои што и во самите заклучоци дадовме обврска да некаде при крај на 19 92 година да се направи едно согледуваше на реализацијата на тие заклучоци и предлагање на соодветни мерки за се она што не е реализирано.

Материјалот што ни е подготвен од страна на Владата сметам дека во овој момент по точката како е поставена не ги опфаќа проблемите, освен што ги регистрира состојбите до крај, посебно што не завлегува во делот за предлагање на соодветни мерки за надминување на таквите состојби. Сметам дека неопходно е потребно да се предложат конкретни мерки за задржување на производството на постојното ниво доколку не е можно преземање на одредени мерки за развој на постојното производство, посебно во земјоделството.

Мерките мора да бидат поделени во два дела. Односно на две мерки што ќе бидат за реализација веднаш и тоа на краток рок и мерки што имаат стратешко значење и се за подолг рок. Јас ќе се задржам сосема накратко на мерките што имаат пократок рок, а во рамките на тие мерки сметам дека би требало во Заклучоците од сегашната расправа да влезе и една обврска за итно донесување на аграрна политика во Република Македонија. Во рамките на така донесената аграрна политика би требало да се дефинираат и мерките за отклонување на сегашните проблеми кои што ги имаме во аграрот, дадени се веќе одредени насоки и јас ги поддржувам насоките во делот на аграрната политика, ние да ги поделиме на одреден

начин проблемите во аграрот на две групи на производи од земјоделието и тоа за основните земјоделски прехранбени производи кои имаат приоритетно значење за снабдување на населението, со еден исклучок во таа рамка ставен е само тутунот кој што има едно посебно значење посебно во делот на обезбедување на голем број домаќинства на еден егзистенцијален минимум.

Втората група на производи кои што имаат компаративни предности, а за лозарството можам да кажам кое е во таа група и тоа од античко време се гаи на тие простори, сметам дека би требало да има посебни мерки кои на одреден начин ќе ги дефинираат нашите обврски и почесто да не се навраќаме, туку една по една тие мерки да ги реализираме и проблемите да се отклонуваат.

Мерките мора да бидат јасно дефинирани и тоа од аспект на извршување. Мора да се дефинира кои се тие мерки што треба да се извршат од страна на производителите и мерки што треба да ги изврши односно да ги преземе државата. Можеби би требало да бидеме пооперативни, не декларативни во рамките на тие мерки секој да ја земе својата позиција и својата одговорност заради отклонување на постојните проблеми.

Посебно е карактеристична втората група на производи каде имаме и суфицити каде и заради сегашната состојба и структурата која што ја имаме на тоа производство уште повеќе се усложнија проблемите и сметам дека тука веќе и беше насочена нашата расправа во делот на изнаоѓање на одредени решенија кои што во овој момент ги наемаме за производите кои што се јавуваат како суфицитарни. Самиот карактер на производството тоа го диктира бидејќи нашите производители кои што ги произведуваат овие производи, а тоа се однесува на тутунот, на градинарските култури, на оризот и грозјето тоа се претежно производи што се на одреден начин

V/3.-

произведуваат како дополнително ангажирање. Нашите производители ако се земат и по структура на земјиштето што го имаат, го немаат карактерот на директни производители кои што зависат или се во директна зависност на самото производство, туку како дополнителни производители. Сметам дека негативните ефекти кога се јавуваат, а сега сме во таа фаза се враќаат назад до крај на самиот производител и производителите оваа година на повеќе наврати го искажаа својот револт по однос на тоа што не се во можност повеќе ан одреден начин да истражат со ефектите што сега се постигнаа во делот на скоро сите четири култури од земјоделското производство и прети опасност, јас посебно одговорно ќе кажам дека дел од лозарството веќе ен само што опаѓа производството, туку и една гранка ние да ја губиме. Посебно потенцирам од самиот карактер што го имаме како дополнително производство што го имаме сигурно и пристапот на самите домаќинства на таквото производство кога на одреден начин ќе се направи сметката дека не може и не се исплатува веќе самото производство. Старосната структура на лозовите насади е веќе над 15 години. Што значи веќе 5-6 години никакво вложување во делот на лозарството немаме, а оттука и опасноста како гранка односно како посебно производство веќе опаѓа или го немаме. Државата мора да ја дефинира својата улога во сите три фази на самото производство и сметам дека со тоа ќе се дефинираат и мерките. Во примарното производство најодговорно можам да кажам дека државата посебно нема никаква улога од причина што самите индивидуални производители самоиницијативно во делот на она што се компаративни предности ги вложуваат своите средства, а посебно во лозарството тоа се и големи вложувања. ПО мене не држат однесуваат на преработувачите, тоа е в втората фаза каде што во услови на потешкотии на пласман на производството знаат кон производителите така да се обратат , па кога ќе те прашале да го садите лозјето и затоа и сега наоѓате

V/4.-

и начин за својот пласман. Што значи дека одговорноста од натамошниот пласман, а денес ги имаме јаболката, на одреден начин ја префрлувааа пак на самиот производител. Сметам дека таквиот одговор не држи и мора да се бараат заеднички интереси измеѓу преработувачите и производителите и само преку заедничкиот интерес може да се најде и решение. Правев одредени согледувања по однос на најголемиот проблем, а тоа е проблемот на обезбедувањето на средствата за откуп на тоа производство и сигурно доведување на тоа производство во фаза на продажба и понатаму стојам на моето гледање дека во областа на лозарството и понатаму јас тоа тие што го третираат како вино и кое што се пласира на пазарите не го прифаќам како аргумент од причина што од вкупното производство на 13.000 вагони вино во форма на вино или вино се пласираат само 30%, а останатото е пласирано во вид на суровина, која што натаму служи сигурно за понатамошна доработка за алкохолни пијалаци.

Оттука, главниот проблем, а тоа е фазата на финализација и преработка, која што фаза најверојатно е во застој поголем период иако во едно време кога се направија капацитетите за финализација на тие производи се подигнаа и многу афери околу самиот капацитет, посебно во Кавадарци, а тој капацитет, еве и сами гледаме не е во можност да обезбеди ни 30% финализација, а не само тој, не само капацитетот туку и целиот маркетинг во делот на пласманот на виното не е во можност да обезбеди повисока фаза на финализација, а оној што има повисока фаза на финализација може да очекува и поголеми ефекти. На странскиот пазар суровините тој што ги продава, тој губи. И нашите производи се наоѓаат, можам да кажам одговорно, на III-пазарите каде што на одреден начин се продаваат суровини. А таму каде се продаваат суровини мора да се почитуваат светските проблеми во делот на понудата и побарувачката.

V/5.-

Оттука, на крајот сакам и да предложам во делот на дефинирањето на мерките, посебно она што е обврска на државата, а се потрудат и претставниците на Владата, тоа јасно да го искажат јасно да се дефинираат посебно стимулансите, посебно во делот на фискалната политика, а тука влегуваат и одредени наши со години веќе прашања што не држат, посебно во делот на данокот на промет во царините, стимулансите, премиите и регресите. Во кредитно- монетарната политика сметам дека треба да се седне и многу стручно да се согледаат вкупните состојби, а сегашните мои согледувања упатуваат на тоа дека производителите и преработувачите, најверојатно, доколку стручно седнат и проблемот да го разглобат, не ќе бидат можеби упатени барем за целиот износ да се обраќаат кај банките за обезбедување на средства, бидејќи еден таков предлог кај самите производители веќе егзистираше оваа година. Што значи дека веќе е направен додир измеѓу производителите и преработувачите кога им се понуди исплатата посебно за грозјето, можам да кажам, да биде извршена во денарска противвредност на денот на исплатата по црниот курс. Сега гледајќи ги ефектите кои ги постигнуваат комбинатите со по- зајмување на средства од страна на банките и каматните што треба да се платат за така позајмените средства, сметам дека може да се седне и да се направи посебна математика. Само жалосно е тоа што во комбинатите имаат застарени сфаќања што сметаат дека никогаш не треба да се вратат каматите на банките или да се платат. Тука е проблемот. Инаку, ако се мисли да се вратат и платат каматите сигурно ќе се седне и ќе се разговара на друг начин со производителите, заради изнаоѓање на заеднички интерес. Ако сега имаме, а сигурно треба да имаме од министерот и поконкретно, посебно во завршниот дел колку се тие камати што треба за овогодишното производство да се платат од страна на комбинатите за финансирање на сегашното производство, ќе се увиди дека комбинатите не се во можност да

V/6.-

платат тие камати и тие камати само се одолговлечуваат од година во година и само го одложуваат еднаш што веќе треба да се реши тоа прашање во делот на обезбедување на средствата за финансирање на самото производство.

На крајот во делот на образованието морам да кажам дека ни малку не е посветено внимание. Се интересирав дали во рамките на Републиката има посебно за делот на финализацијата на виното, постои некој организиран пристап, иако некогаш постоела посебна институција, а тоа е институт за вино, сметам дека во оваа област на вакво производство не е дадено апсолутно внимание и под итно треба да се организира една анимација на кадри, кои што на одреден начин во нови услови сега во функција на веќе самостојна држава дадат посебен придонес во делот на самата финализација или организирање на производството во делот на финализацијата.

И на крајот функцијата на самата држава во делот на контактите што сега ќе ги има и веќе ги има со одредени држави и кои што не признаа и кои што не не признаа и со самото признавање посебно овие четири производи да бидат на преден план во разговорите заради овозможување на посебни услови за пласман на тие производи на пазарите каде што ќе се прават одредени билатерални спогодби, бидејќи сметам дека тоа е и функција на Владата, она што е најтежок проблем, она што го има во делот на аграрот да го стави на преден план во билатералните разговори што ќе се водат во државите, а со тоа и се наоѓа решение за проблемот кој што постои во делот на аграрот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Ешреф Алиу.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседавач, дами и господа пратеници, веројатно ќе бидете задоволни зашто ќе настојувам да бидам краток. Излегов да кажам дека многу ми се прифатливи мерките кои ги предлага Владата на Република Македонија за разрешување на состојбите и проблемите околу земјоделските производи од минатата година. Сакам да скренам внимание дека во тие мерки и размислувања за сосема еден нов сериозен приод на Владата кон земјоделството како една од виталните гранки во нашата Република, бездруго не е испуштен од вид и положбата т.е. можностите за голем придонес на приградските населби и селата околу градот Скопје. ВО тој склоп во име на пратениците од четирите општини, господин Раими Рамадани, Фазлиу, Зибери и Мустафа, вклучувајќи се и себеси, општина Чаир, Гази Баба, Кисела Вода и Карпош може да се очекува , давајќи им соодветно место и пристап за оживување на веќе скоро уништени сите гранки на земјоделството, почнувајќи од зеленчукот, овоштарството, лозарството, шумарството, како и негување на ситен и крупен добиток, ценам дека оваа третина од градот Скопје може да се нарани само од овие места. Затоа, апелирам нарочно пошто е и присутен министерот на дотичното министерство во концепцијата или во платформата на ова кон земјоделството на овие региони да им посвети посебно внимание.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, јас накратко само неколку моменти од оваа Информација да ги истакнам. Како прво, проблемите во земјоделството се такви што сигурно дека не е можно во неколку страници да се опишат како такви.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:** (продолжение)

Меѓутоа, ме радува фактот што навистина Министерството за земјоделство успеало доста во кратки црти и во сржта да ги прикаже сите тие проблеми со кои се соочува нашето земјоделство.

Она што сакам да го сугерирам на Министерството за земјоделство е фактот што низ информацијата кружат одредени бројки кои како такви сум ги сретнал скоро пред 10 години. Мислам дека на овој план од општинските подрачни единици постојано се препишуваат тие бројки, да речеме, толку и толку хектари под пченица, толку комбајни итн., така што на овој план би требало да се редуцираат. Дури, во нашата подрачна единица имавме бројка каде што се вели дек се засеани со бостан 100 ха., а воопшто не може ни да има таков производ бидејќи поднебјето е такво и не успева. Затоа, мислам дека во овој дел би требало во иднина да се расчистат овие бројки за да имаме реалност на тој план.

Исто така, за поздравување е и во Информацијата е наведено дека Министерството за земјоделство вложи големи напори во однос на извршувањето на пролетната и есенската сеидба за 192 година. Навистина, велам огромни напори, а тогаш имавме пред се недостиг на гориво, семенски материјал итн., но во целина земено тие напори вродија резултат. Затоа, не треба да ги минимизираме напорите што ги вложи ова Министерство на овој план.

Посебно сакам да се задржам на проблемот со зимските пасишта. Познато е дека Горни Полог обилува со летни пасишта. Меѓутоа, зимските пасишта скоро со децении станувaат проблем за Горни Полог односно за сточарските стопанства и индивидуалните сточари кои имаат добиток и со векови мигрирале во однос на искористување на зимските пасишта. Сега одеднаш имаме блокада од страна на  општините од источниот дел на

Републиката, со што во голема мерка е намален сточниот фонд во западниот дел на Републиката.

Кога сме тука исто така еден од најголемите проблеми според мене кој сега за сега е во делот на сточарството е проблемот на бруцелозата. Ние знаеме дека неколку децении таа е присутна во нашето подрачје, знаеме од каде дојде, меѓутоа, проблемите се такви што бараат итно разрешување бидејќи ова не треба да го криеме и од јавноста дека има и заболуваше на луѓе на тој план. Само во општина Гостивар има околу 20 лица заболени, а да не зборуваме за другите општини. Сметам дека овде треба пред се и од буџетот за 1993 година да издвоиме средства со цел превентивно да делуваше и да ја спречиме оваа болест. Ние оваа работа ја криевме доста години, се знае поради што, поради извозот на јагнешко месо во Европскиот пазар, меѓутоа, тоа сега ни се враќа како бумеранг и затоа потребно е итно преземање мерки од страна на ветеринарните служби во Републиката.

Сакам неколку збора да кажам во однос на откупот. Тука пред се се зборува за оризот, тутунот, сончогледот и грозјето. Во западниот дел на Републиката има суфицит на производи и тоа на гравот и на кромидот. Ние во нашите амбари го имаме гравот од пред 2 години уште не продаден односно не откупен, а исто така и компирот напролет се фрла во Вардар. Овие работи сметам дека заслужуваат внимание и Министерството сигурно би требало и овие производи да ги рангира во групата на производи што се откупуваат. Кога може од примарната емисија да се издвојат средства за откуп на овие производи што пред малку ги реков, мислам дека има потреба да се стават во таа група и гравот и кромидот.

Исто така, кога се зборува во VII глава за реализација на програмата за поттикнување, и тука има одредена фиктивна. Овде беше спомнато пред малку дека има фиктивни програми, не велам дека се сите, меѓутоа, провејува мислење а и на теренот може да се констатира дека немаме баш многу постигнување на овој план, тука се задоволуваме само со изготвување на одделни програми, средствата се издвојуваат меѓутоа, после контролата и следењето на активирањето на таа програма недостасува и оправдани беа искажувањата дека на овој план имаме одредени фиктивни работи.

На крајот, сметам дека заклучоците на Комисијата за земјоделство се потрефени и како такви мислам дека треба да ги прифатиме.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, оваа информација јас побарав уште во јули месец да се даде заради тоа што согледав некои работи за кои ми се чини дека имаме средства, кадри и можности на побрз и поефикасен начин да ја зголемиме активноста во земјоделството, да добиеме поголемо производство, односно целта ми беше поради многубројните недостатоци во изминатите неколку години, кои ги имавме, дојдовме во една таква состојба за државата Македонија да не можеме да обезбедиме храна и да мораме некои производи да ги увезуваме од страна, во услови кога имаме расположливи средства и можности да произведеме барем за граѓаните на Македонија. Имајќи предвид дека еден дел од средства од буџетот и од програмите кои ги имаме се трошат, меѓутоа, констатирав дека тие се трошат за одржување на постојното тековно производство, а не и за зголемено и ново производство. Имајќи предвид

дека еден голем дел од површините кои беа плодни станаа полупустини и пустини, не се обработуваат, дојдовме во состојба да имаме прилично кадри и тоа стручни кадри кои можат да придонесат во земјоделството, меѓу не се вработени, имајќи го предвид големиот број на невработените, а не сме создале услови за вработуваше и во земјоделството, сакале или не, на прв план мора да ни биде земјоделството. Од тука, мислам дека до крајот на месец август требаше да донесеме програма за есенската сеидба 1992 и пролетната 1993 година, со обезбедување на сите средства, почнувајќи од површините, семињата, расадите, насадите, ѓубривата, заштитните средства итн., а при тоа да не се заборави и откупот. Дојдовме во состојба граѓаните односно производителите да не знаат што да прават со тоа производство, повеќе водат грижа каде да го пласираат производството отколку за цената, бидејќи нашето производство на странскиот пазар при ваква политичка состојба имаат затворени производи, затворени се границите за нашите производи, не целосно но, за некои производи, така што не може кога сака и како сака производителот како самостоен производител тоа да го продава. Тоа мораше да биде организирано. Таквиот пласман на пазарот на земјоделските производи не го направивме а времето си измина, така што по нивите останаа пиперките, доматите и други земјоделски градинарски култури. По- натаму, и ден денес оризот на граѓаните остана со цена од половина марка и остана по амбарите, не може да се откупи, додека граѓаните немаат средства за подготвуваше на површините за наредната седиба. Сигурно дека наредната сеидба нема да може да се изврши заради тоа што нема средства, не е обезбедена адекватна механизација односно резервни делови, не се обезбедени

високосортни семиња, не се обезбедени заштитни средства односно се она што го следи производството.

Исто така останаа и други производи непродадени како јаболката, грозјето и виното. Мислејќи дека треба да заживее оваа агенција на аграрот, да го истражува пазарот, да пронајде место каде да ги пласира производите, но тоа да биде пласирано од организации. Земјоделските организации кои на некој начин даваат прилично производство, се прашуваме исто така дали наредната година ќе можат да произведат поради земените средства во вид на кредит, позајмици и друго, високите камати. Во земјоделството не може со 8,5% месечна камата на Народната банка да се плати, а банките даваат кредит со 20-25% месечна камата. Ако тоа се пресмета за една година, не знам колку би изнесувала камата на каматата месечно. Секаде годишно се пресметува каматата, кај нас почна месечно да се пресметува камата.

Познато е дека родот на земјоделските производи е едно- годишен, едногодишен род треба да чуваме на пченицата, оризот и други производи уште за една година да имаме, бидејќи се раѓа еднаш во годината, а каматата се раѓа секој месец и таа се зголемува така што земјоделските комбинати ќе се најдат во многу тешка и сложена состојба односно пред ликвидација ќе се најдат и земјоделските организации поради овие камати кои се плаќаат по кредитите. Тука треба да се изнајде начин односно да с изнајде решение за ублажување на ваквата состојба.

Во однос на кредитирањето мора да се изнајдат средства со пониски камати кои можат земјоделците да ги прифатат и стопанствата за кои ќе

може да се обезбеди производство.

Јас немам забелешки за она што е внесено во програмата, но имам забелешка на она што не е внесено во програмата. Мораме да обрнеме поголемо внимание на земјоделството преку долгорочни програми. Некои професори на телевизијата кажаа дека во Македонија за наредните две три години е тешко да се направи некоја програма за перспективен развој. Јас не го делам тоа мислење. Јас мислам дека може за една и повеќе години да се на прават програми, да се определи политиката и мерките каде и што треба да се направи за подобрување на земјоделското производство. Не можам така да поминам преку пласманот, а кога зборував за тоа не докажав дека треба да има организиран пласман, да има специјализирани организации со стручни кадри кои треба да подготват и вишокот што го имаме треба да се извезе. Но, од земјоделските производи се уште немаме сознание колкави се потребите на нашата држава, колкави се вишоците, а колкав е дефицитот што треба да се обезбеди од увоз. Треба да имаме такви програми за да знаеме што и е потребно на Македонија. Кога спомнав долгорочна програма, мислам дека ние мораме да направиме за 5-10 години програма за развој на земјоделството, затоа што една брана не се прави за една година, инсталациите за наводнување не се прават за 1 година, не се прави насад за 1 година бидејќи тој не се чува 1 година туку повеќе години, па заради тоа е потребно стручно и научно да се испитаат површините на земјата и по квалитетот и така да се внесат во програмите, да се направи програма што се развива. Мора да се вклучат институтите и стручните кадри кои ги имаме од факултетите и други, да ги изготват ваквите програми за развојот на Македонија што побрзо.

VI/7

Меѓутоа, за 1993 година јас се уште не знам во кое поле што треба да се посее. Некои ингеренции од општините преземаа министерствата во земјоделството, меѓутоа, земјоделците не знаат што треба да посеат во тоа поле се уште, есенската сеидба од 15 до 20% остана непосеана, а сигурно ќе остане и пролетната. Има површини каде не зависи од желбите на индивидуалниот производител што треба да се посее, особено оние што се наводнуваат, така што тоа мора да биде под план, мора да биде организирано. Мислам дека плановите треба да бидат донесувани порано, иако е речено дека во пазарно стопанство не треба да има план. Меѓутоа, во земјоделството не можеме да одиме неорганизирано и мораме да мислиме на производството што ќе го добиеме, што ќе го пласираме и како ќе го преработуваме остатокот. Ние немаме капацитети за преработка на вишоците на производите од земјоделството.

Во однос на ридско - планинските предели и површините што ги имаме се уште не се искористени како треба и незнам кога тие ќе бидат на некои начин користени. Се даваат средства насекаде во секоја општина по малку. Мислам дека треба да престанеме со давање вакви средства, туку тоа треба да биде организирано за еден регион. Ако го земеме Мариово, Осогово или Плачковица, Маврово или друго место, да се вложат средства за патишта, средства за вода, средства за сточарство, говедарство, овоштарството и се друго за да го развиеме тој регион оваа година, наредната година другиот регион, така што кога ќе погледнеме да можеме да видиме дека од средствата има некои резултати. Ние немаме никакви резултати, тие средства што се даваат се упатуваат во земјоделските комбинати и земјоделските задруги, за лични доходи и други поткрепувања на комбинатите, додека средствата не дојдат до индивидуалниот земјоделски производител.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ**: (продолжение)

Не беше речено во програмата воопшто како да беше изосавено, водостопанските работни организации во Републиката што ги имаме. Би сакал да кажам само неколку зборови.

Кога се знае дека се наводнуваат 170000 хектари површина во Македонија, меѓутоа, не е спомнато во Информацијата, додека овие организации стојат на прагот на ликвидацијата , некои организации за 1992 година само 12% наплатиле од придонесот што треба да го наплатат. Какво е тоа финансирање на таква организација што има инсталирано по 120 км. транспортни средства за наводнување , а тие се распаѓаат , не може да се одржуваат.

Не сакам повеќе да кажувам за водостопанството, мислам дека треба да најде место во Информацијата и водостопанските организации, како и на кој начин да се одржат капацитетите за наредната година за наводнување.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас повторно ќе замолам за дисциплина и да ги слушнеме колегите пратеници кои ги информираат пратениците за состојбите во земјоделството.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, најпрво сакам да изнесам некои мои констатации за состојбите и проблемите во врска со аграрот.

Прво, презентираниот материјал за состојбите и проблемите во врска со аграрот претставува гола фактографија за вкупните состојби и проблеми во аграрот, посебно без пред- ложени излезни решенија од ваквата состојба.

Второ, Република Македонија во новосоздадените услови без дефинирана стратегија за натамошниот развој на земјоделското производство, посебно во услови на затворен пазар и блокиран платен промет, мислам дека мора да направи подолгорочна стратегија во однос на опстанокот на земјоделското производство. Ако Израел има извозен девизен прилив од извоз на земјоделски производи некаде 1 милијарда и 500 милиони долари, тогаш не е за потценување утре да речеме дека Македонија со добра стратегија треба да има, ако не повеќе, барем 500 милиони долари извозен капацитет.

Трето, она што во моментот загрижува, тоа е фактот што Владата во моментов не изнајде излезни решенија, не понуди излезни решенија за оние суфицитарни производи што моментално навистина постојат на пазарот, како што е јаболкото, како што е грозјето, јагнешкото месо, јајцата итн. Мислам дека со тие суфицитарни производи може да изврши компензација на тие дефицитарни производи што се дефицитарни на македонскиот пазар, како што е место, пченицата, пченката, сточната храна итн.

Тоа се моите констатации. Меѓутоа, сметам дека едно од алармантните прашања е обврската на Владата да го реши прашањето во врска со јаболковото производство. Но, прво да кажам кои се моите согледувања и кои мерки јас ги предлагам, да кажам каква е состојбата во

овоштарското производство кое во оваа Информација е многу инсуфициентно прикажана.

Прво, мислам дека 1892 година освен онаа година во 1982 година е рекордна година во однос на производството на јаболка. Оваа година имаме некаде околу 85 до 90 илјади тони јаболка. 1982 година сме имале некаде 129 илјади тони јаболка. Најмало производство имавме некаде1985 и 1990 година со 40 илјади тони јаболка. Според податоците на Македонија -плод, групацијата Македонија - плод, 50% од вкупното производство е јаболко за пресна консумација, а 50% за индустриска обработка. Меѓутоа, факт е дека ова производство не само што е 50% за пресна консумација е квалитетно, туку одговара на европските стандарди и норми.

Меѓутоа, за жал, индустриското јаболко што требаше да биде исфабрикувано, остана да скапува по овоштарниците, а и јаболкото за пресна консумација што требаше да биде пласирано досега не е реализирано. Или е во примитивни плодочувалишта каде векот им е ограничен или е во ладилници за кои сметаме дека помал дел од јаболкото во моментов се наоѓа во такви ладилници.

Да ве потсетам господа пратеници, сепак, најголем број од населението егзистира токму од оваа гранка. Почнувајќи од Преспанскиот регион, Струшкиот, Охридскиот базен па и Полош- ката котлина. Да ве потсетам и друго дека производството, цената на чинењето на јаболковото производство е доста високо. Така што за производство на 25 илјади килограми потребни се некаде 5,5 милиони денари, што ќе рече производствена цена по килограм јаболка некаде 275 денари. А, од друга

страна да кажам дека моменталната откупна цена што денеска егзистира на пазарот во Ресен, е некаде од 5-6 килограми за 1 марка. Истите тие трговци, тоа се трговци од Албанија, истото тоа јаболко го препродавале во Грција за 1 марка.

И пред ова, прашањето на реализацијата на пласманот на јаболкото немаше некој механизам, регулаторен механизам да се реализира онака како што требаше да се реализира со организиран пристап. Меѓутоа, земјоделските производители само- иницијативно се организираа и со оглед дека беше отворен пазарот можеа да го реализираат ова производство на сите пазари на сите простори на бивша Југославија. Меѓутоа, приликите се такви какви што се и сега веќе се наметнува, навистина е загрижувачки фактот за пласманот на јаболковото производство. Затоа јас ги предлагам следните мерки и заклучоци. Тие кореспондираат на некој начин со предлозите на Комисијата на која бев присутен.

Прво, мислам дека треба да се запре секаков увоз на јужно овошје. Македонија нема да остане гладна ако не увезува јужно овошје. Се рече дека своевремено има закон за стопирање на увоз на јужно овошје, освен за лимони. Меѓутоа, за жал сами сте сведоци дека пазарите крцаат со банани и портокали.

Ова го зборувам и од фактот што навистина нуитивната вредност на јаболкото не е таква да не може да ги замени другите јужни овошја. Мислам дека и други поразвиени општества ова го практикуваат. Еве, да ја земеме соседна Грција, наназад години ги произведува скоро сите видови јужни овошја сме бананите, но банaната е во Грција 10 пати повисока од цената

на другите јужни овошја.

Второ, мислам дека Министерството за стопанство треба под најитно, до колку не сака и ова количество што е веќе останато моментално во примитивните плодочувалишта да скапе, да склучи бартер аранжмани со владите на бившите ЈУ-држави. Тоа значи дека може да се направи компензациона зделка за многу производи за што сме дефицитарни, како што реков порано.

Исто така, се смета дека со трансформацијата на општествениот во приватен капитал производството на јаболка е потфрлено во овие земји на источниот блок: Бугарија, Романија, Русија. Тоа значи дека и тука се отвора простор за склучување на бартер аранжмани. Истовремено, за време на реализација на оној дел на јаболка што треба да останат како индустриска обработка, да се активираат сите капацитети со што моментално располага Република Македонија. Таква е состојбата да речеме да се активира фабриката за преработка во с.Моране - Скопско, каде можат да се преработат иако со тешко срце би го прифатиле овие производители на јаболка тие јаболка да се дадат за индустриска обработка.

На крајот мислам дека Владата треба да издвои ако не повеќе барем половина средства од примарната емисија да се дадат на одредени работни организации, тие да извршат и го реализираат откупот на јаболковото производство.

VII/б

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ќе бидам малку и краток.

Уште на почетокот да кажам, при средбата на штрајкувачкиот одбор на индивидуалните тутунопроизводители со штрајкувачкиот одбор што беше избран и претставници на Тутунскиот комбинат во Прилеп, Здружението на тутунските производители Прилеп, Југотутун од Скопје, Општинското собрание Прилеп и институтот за тутун во Прилеп, одржан на 15.12. минатата година донесоа некои заклучоци што дел не се реализирани, како:

1. Намалување на каматните стапки на Народната банка на РМ и каматните стапки на деловните банки за кредити дадени за откуп на тутун.

2. Регресот на каматата да се наплатува на време односно веднаш по поднесувањето на барањето.

3. Каматите на кредитите да се пресметуваат и наплатуваат тромесечно, а не месечно заради неможноста на исплатување на кредитите и каматите поради нискиот процент на обртот на капиталот на тутуновата гранка.

4. Учеството на Народната банка на Македонија во средствата на примарната емисија за откуп на тутун , за залихи, да се зголемува од 40 на 60%, а истовремено да се има предвид зголемената заштитна односно откупна цена на тутунот со посебно нагласување да се обезбедат средства за откуп на реколтата 1992 година која е веќе во првото тромесечие на 199 3 година.

5. Реалниот официјален курс на денарот да се утврдува навремено, односно да се следи движењето на инфлацијата.

6. Краткорочните кредити да се трансформираат во долгорочни.

7. По примерот од соседните земји што произведуваат тутун и кај нас да се воведе премија за произведен суров тутун, по наше мислење, барем така тие предвидуваат, 25% од просечната откупна цена на килограм тутун.

8. Народната банка на Македонија, да го следи, преку кредити од примарната емисија авансирањето на производството на тутунот за реколтата 199 3 година кое авансирање е предвидено и со постојниот закон за тутун да биде до 30% од вредноста.

Тоа беа заклучоците на Комисијата со Штрајкувачкиот одбор на 15 декември 1992 година.

Меѓутоа, моите размислувања за овој сложен и горчлив проблем кој, колку да бидеме радикални од секогаш останувало запишано како слово на хартија, пак и овој пат мислам дека ќе се повтори истата слика и истата песна со стар глас - виновен е секој граѓанин на ова парче македонска земја кој се занимава со земјоделие од проста причина што не е во состојба да ги задоволи потребите и на мравките што го крадат зрното од нивата и на оној граѓанин од високата хиерархија во државата кој чека од раката на земјоделецот за да преживее.

Несфатливо е за мене да се гледа на земјоделецот како на граѓанин од многу понизок ред само затоа што се занимава со земјоделие, а кој кај нас, во сегашното време што го живееме и во времето поминато пред неколку десетолетија се сведува да мора земјоделието да биде дежурен виновник. Но, одредени гранки дали е тоа гранка преработувачка или во

сферата на енергетиката да бидат галеничиња на системот и државата.

Предизвикан сум од односот на државата кон индивидуалните земјоделски производители и производните работни организации за двата партнери кои немаат еднакви услови за стопанисување од причини што привилегијата на крупните организации е сеуште привилегирана како во поглед на набавка резервни делови, набавка на погонско гориво, за заштитни средства, за семенски материјали и ред други работи како што напомна господинот пратеник Трајан Мицевски.

Но, кога би зборувале за Агрокомплексот како целина во Македонија, за пример да го земеме само ресорното министерство за земјоделие сместено во трошни и дрвени бараки, затоплувањето е сеуште на нафта, додека не познавам ниту едно друго министерство да е сместено во такви запуштени објекти што доволно зборува каков однос досега имала државата кон агрокомплексот и кон земјоделието. Иако земјоделието е неколку децении уништувано, сепак успеа да се одржи какво - такво во функција , но затоа сега треба да му се даде инекција за заживуваше, бидејќи без развиено земјоделие нема ниту развиена индустрија, ниту развиени држави. Дали можеме да бараме оправдување во сите нас за една Пелагонија, најголема житница на нашата држава да нема хидросистеми за наводнување, хидросистеми, да нема доволно млекопроизводство во тој регион за кое нешто доволно кажува каков е односот и како сеуште се однесуваме кон аграрот.

VII/9

Одгледувањето и бербата на тутунот пак е приказна за себе кое сеуште се одгледува и бере на начин што бил пред 50 и повеќе години за што сметаме дека на тој план не е ништо сторено за унапредување и осовременување на одгледувањето и берењето на ситнолисните тутуни, каде продуктивноста е ниска, а не можеме да бидеме ниту конкурентни на светскиот пазар. Семејствата што се занимаваат со одгледување на оваа култура се во таква положба што не можат да врзат крај на крај или народски речено да се прехранат за цела година.

Откупот на тутунот е приказна која секогаш е на штета на тутунопроизводителите. Да напомнам само за гарантираната откупна цена, таа беше 1800 денари или 4,5 марки на црно, земено во јули и август, меѓутоа, кога дојде да се откупува тутунот, се откупи иако имаше добра класа , се откупи за 2,8 до 3 марки максимум достигна првата класа, за ситнолисните тутуни од типот "Прилеп" под црната берза.

Откупот на пченицата за 140 денари по килограм , а сега 600 грама леб за 500 денари и 100 денари компензација, ќе видиме кој е во привилегирана состојба. Акционери се, нема што. И благодарам на мелничката индустрија.

Некој пак ќе рече - има високи камати за откуп на пченицата. А, јас ќе додадам, дали тој што цела година ја чека пченицата додека не стигне во амбарот, нема ли трошоци и камати како што има мелничката индустрија, почнувајќи во тој контекст од набавка на гориво, резервни делови, орање, семенски материјал, заштитни средства, вештачки ѓубрива итн.

На крајот би додал и да заклучам како било што било, но и овој пат ќе речам дека треба да зборуваме и се согласувам, голем дел од пратениците се согласуваат дека треба сега да зборуваме што да сториме за пролетната сеидба бидејќи е на прагот, а не да зборуваме за она што поминало. И минатата година истото тоа така го констатиравме, ќе констатираме и сега и ќе чукаме и натаму празна слама и ќе претураме од празно во шупливо и ќе немаме никакви резултати.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, разгледувајќи ја информацијата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во 1992 година и предлогот на заклучоците на Комисијата за земјоделство и шумарство, јас не би дискутирал околу фактографијата изнесена во информацијата- Сакам овде, во ова Собрание да се продискутира за проблемите што како континуитет се провлекуваат повеќе години наназад од аспект на можностите на македонското земјоделско и сточарско стопанисување.

Во услови кога општиот диспаритет на вредностите зазема загрижувачки, би рекол дури и алармантни размери,како една од најпогодените гранки, поледелството доживува општа деградација на резултатите од својата продукција- Во услови на неможност за остварување поголеми девизни средства, односно нивен прилив во македонската држава, вложувањето во земјоделското и сточарското производство треба да и осигурува на државата храна на населението, односно преживување на истото.

VIII/1 НН/ЛБ

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (продолжение)

Нагласувам дека, а тоа го има и во самиот извештај, како еден од проблемите во полјоделството во 1992 година беше проблемот на обезбедувањето на погонско гориво односно нафта и нафтени дери- вати за земјоделските машини. Проблем кој може периодично да се појави и во текот на оваа година. Со тоа сигурно ќе има и процентуално потфрлување на сезонските активности на земјоделците.

Во обезбедувањето на горивото беа присутни безброј аномалии односно се јавија и разни шпекулации што предизвика оправ- дан револт кај земјоделците. Воочените слабости, од кои дел се наброени и во самата информација треба да биде опомена за самото Министерство и верувам дека истите нема да се повторат во наредниот период, а првиот испит околу ова ќе биде престојната пролетна сеид- ба.

Во програмата за поттикнување и развој на земјоделието за оваа година би си допуштил да презентирам и некои свои размислувања, а и препораки на граѓаните од мојата изборна единица чие што занимање е полоделството.

Заживување на агро берзата со нејзино пообмислено функционално поставување.. Во извештајот никаде не сретнав податоци за таканаречената раноградинарска берза и нејзината искористеност за пласман на овие производи на нови пазари освен набројуваше на дел од нив, како што е Германија, Полска, Австрија, Чехословачка, Чешкословачка бивш:ата итн. Меѓутоа, таа раноградинарска берза би требало да се занимава со сесрдна помош, верувам на Министерството за земјоделие и со истражување на пазарот,и склучуваше на предоговори како би можеле земјоделците што се занимаваат со раноградинарство да знаат што произведуваат, со каков квалитет, количина итн.

Кога сме кај ова производство, во извештајот не сретнав информации и за можностите за производство на еколошки чиста храна која како таква има посебна цена во европските високо развиени држави. Ако се знае дека во Македонија околу 60% од расположливите површини преставуваат еколошки чиста средина, можностите за производство, маркетинг и пласман на вакви производи се големи. Се надевам дека господинот министер и неговото министерство ќе го имаат ова во предвид.

Во тутунопроизводството, иако со преговори Синдикатот на земјоделците се избори за начинот на утврдување на цената и таа доживува корекции, што е за поздравување, мислам дека уште некои предлози од овој синдикат треба да се прифатат за да се сочува и поттикне тутунопроизводството и неговата неограничена можност со високо квалитетни сорти за обезбедуваше на девизни средства кои се и тоа како потребни на оваа Македонска држава.

Како еден од најголемите проблеми, кој ни го посочија земјоделците од мојата изборна единица а и пошироко од подрачјето на општина Гази баба и градот Скопје е проблемот со производството на млеко.

Млекопроизводителите, како индивидуалните така и општествените и акционерските имаат безбројни проблеми што Владата на некој начин, и претходната, а и сегашната не успева, или пак не покажува интерес да ги разреши. Почнувајќи со необезбедени средства за исплата на премиите односно нивно задоцнето плаќање се обезвреднува трудот со се поголемата инфлација, која верувам може да достигне и една хиперинфлација.

Како проблем го потенцираа и диспаритетот помеѓу цената за исхрана односно обезбедување квалитетна исхрана за говедата и ценат на чинење

на млекото, иако самите производители се свесни дека е далеку опадната платежната моќ на граѓаните, па се прашуваат дали мелкопроизводството треба да се доведе во колапс, а со тоа сигурно ќе се доведе во прашање и потребата за здрава исхрана на населението особено на децата и постарите луѓе кои го консумираат во поголеми количини ако се во можност да го купат млекото.

Тоа се дел од проблемите со кои се соочуваат земјоделските производи или како што ми рече еден земјоделски производител од населеното место Петровец - скопско за овие педесетина години земјоделецот беше тој од кого најмногу се бара жртви и во изградбата па во колективот кога од незнаење го растурија земјоделството, кое и ден денес не може да се снајде па се досега кога ние велиме еве ни се исполни сонот на повеќето македонци, создадовме една заедница македонска држава и ова ќе го поминеме, само не заборавајте на нас, дозволете ни да произведеме повеќе храна, но и подобро да живееме. Нашиот труд треба да биде соодветно награден односно чесна работа чесна заработувачка.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Пред да продолжиме со работа молам да се договориме. Тринаесет и триесет е часот, а има пријавено уште девет дискутанти и плус министерот за земјоделие. Предлагам да одиме на пауза до 14,30 часот за да можеме навистина од 14,30 до 17,00 часот да имаме ефективна работа.

(пауза од 13,30 часот)

(по паузата)

Седницата продолжи со работа во 15,20 часот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да продолжиме со работа.

За збор се јави Златанов.

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:**

Почитувани пратеници по информацијата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во 199 2 година би кажал неколку збора во врска со раноградинарското производство. Како што е кажано во информацијата дека градинарството има значајно место во вкупното земјоделско производство, а посебно значајно е раноградинарското производство организирано на оранжерии и пластеници, ниски тунели на отворено поле. Ме зачудува фактот зошто толку малку во Информацијата се опишани проблемите во градинарското производство. И на крајот во Информацијата се потврдува дека сите присутни проблеми се надминати со тоа што се однесени по неколку возила, мислам на производството од индивидуалните земјоделски производители, односно од откуп во Германија, Бугарија, Австрија и други земји и со тоа се смета дека се надминати сите проблеми во однос на пласманот на градинарските производи. Во информацијата е нагласено дека заради нестабилните општествено политички услови, затвореноста на пазарот, блокадата на патниот сообраќај, не функционирањето на платниот промет остварени се помали приноси и незадоволителни финансиски резултати, а најверојатно земјоделските производители ќе бидат соочени со истите, а можеби со уште по ригорозни проблеми во производната 1993 година со воспоставувањето и зајакнувањето на царинските и другите инспекциски служби на границата спрема Република Србија. Би сакал да нагласам дека само во Струмица има околу 20 илјади земјоделски домаќинства кои во просек поседуваат по

10 декари земјоделско земјиште, а на кое земјиште се приморани да сејат градинарски култури, сметајќи дека како досега се високо доходни. Но во 1992 година се случи обратното, а таква е состојбата не само во Струмица, туку и во Валандово, Гевгелија, па нешто слично и во Радовиш. Производителите со надеж дека состојбите какви што беа во минатата година нема да се повторат почнаа со сеењето на расад за рана пиперка, а за неколку дена ќе почнат да сеат и расад за рани краставици. Но, што ако произведат кога ќе бидат соочени со проблемот финансиски средства за набавка на фолија која сега на пазарот чини 3 германски марки за еден кгр, односно споредено со цените на краставиците од минатата година тоа би чинело продадени 30 до 40 кгр. краставици, а се знае дека со еден-килограм фолија може да се покрие простор од 5 до 5,5 квадратни метри. Па се поставува прашањето од која градинарска култура може да се заработи 3 германски марки од 5 $м^2$ без одбивање на сите други материјални трошоци како што е вештачкото ѓубре, семе, заштитни средства и др. а за работната рака да не стане ниту збор. И уште во стартот производителите ќе се соочат со големи проблеми, па ќе останат произведените расади не расадени. Минатата година како што е спомнато и во информацијата производството беше со ниски приноси и неквалитетно, но не беше причина само недостигот на заштитни средства, туку градинарското производство се заштитува не само во текот на вегетацијата, туку и во текот на бербата, а производителите од кога увидоа на какви тешкотии наидоа со пласманот и какви финансиски ефекти постигнаа ги напуштија посевите. По мое мислење сметам ако градинарските производители оние што ќе останат и оваа година поминат како и минатата година за наредните години ќе се намали производството во толкава мера што ќе мора да се бара начин како повторно да се застапува.

На крајот верувам дека Владата, односно Министерството за шумарство и водостопанство ќе изнајде начин и форма во најкраток рок да ги информира тие производители и отворено да се објасни и каже со кои проблеми ќе се соочат и во оваа производна година и нормално насоки на кои култури да се определат со таков мал земјишен фонд по домаќинство, а нормално тука би се престроиле и општествените и приватните производители кои до минатата година при- лично добро егзистираа од тие производни подрачја.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор е пријавен и господинот Иван Иванов кој заради зафатеност ме извести дека ја приложува својата дискусија кон рас- правата.

Има збор Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Следејќи ја дискусијата ми се чини доста работи се изнесоа, меѓутоа што е така, така е, ние сме научени многу да зборуваме а ништо да не правиме. Се сеќавам на една седница кога се зборуваше за земјоделството многу работи беа истакнати и што се направи од тогаш до сега? Знаете што се направи, ништо, не се презема ништо. Тогаш баравме многу работи и од тие многуте работи ништо не направивме, ништо не преземавме а истите работи сега ги бараме, ги бараме од некоја Влада, ги бараме некои луѓе, меѓутоа сите ние, односно компетентните за таа работа не преземале ништо и треба да преземат. Се викаме да преземат, констатираме, констатираме и се некој друг тоа треба да го направи. Кој ќе го направи тоа Господинот Мицевски и господинот Гоце и другите дискутанти се искажаа сите маки што го има земјоделството и се што треба да се преземе. Знаеме дека во оваа година рекордите беа во сите сфери на земјоделието, на

градинарството, на овоштарството рекордни, меѓутоа за жал повеќето од тие производи или беа откупени, или се откупени без пари, или пак некои се чуваат во магацините и ќе скапат, ќе се расипат. Тоа се однесува за јаболката. Колку што ми е познато, така како што кажа господинот од Ресен дека многу од тие производи ќе се расипат и ќе се фрлат. Но не објаснуваме една работа која е најдиректно врзана за таа политика која се води досега. Производителите во земјоделието, во градинарството, во овоштарството работат затоа што им е таа работа и мака си мачат после тоа да го дадат, да го продадат, односно тоа да им се плати. Зошто е тоа така? Затоа што ние немаме берза на аграрот. Секакви други берзи правиме, таа берза ја немаме. Друго не се базираме ние во една работа. Јас не сум економист, не сум ниту земјоделец, меѓутоа следејќи ги дискусиите јас тој концепт го правам тука. Нашето производство треба да се базира и да се плаќа со конвертибилната валута, со марката или со доларот и тоа да се плаќа благовремено. Секое доцнење, или порано плаќање на производите тука настрадува само производителот. Ми се чини вие ќе бидете согласни. Што треба сега да се преземе? Нормално за тоа некој треба да се грижи. Кој е тој сега што ќе ги фати пазарите, знаеме како се затворени. Тоа се дотичните министерства кои треба да се грижат за земјоделецот и за останатите кои работат во селото. Меѓутоа, ние таква пракса немаме. Ако се вратиме години наназад, за што не сакам да зборувам, ние само се фалевме, меѓутоа ние искористивме многу, многу валути па да преживееме, многу пари од надвор, или повратни, или неповратни и преживеавме. Кога дојде сега со сопствени раце и со сопствени сили да преживуваме ние сега пак само си дискутираме. И тоа е факт. Господинот Гоце кажа дека губиме околу 14 милиони долари ќе изгубиме оваа година со 40, или 50 илјади тони јаболка што ќе пропадне. Прво, не се обративме на домашната индустрија каде што ќе се

преработува тоа јаболко и тие производи. Кој е тој фактор што требаше таа индустрија да работи. Жив е, тука е меѓу нас , или во некои министерство. Не сакам да ја обвинувам оваа Влада, ниту минатата и поминатата. Што треба да се направи уште една работа што не ја кажавме. Зошто ние да не бараме пазар, а тој пазар да работи врз база на компензации, ќе дадеме роба, ќе ни дадете роба. И тоа не можеме. Кога не можеме тоа да го направиме, тогаш тоа ќе пропадне. Грешката е затоа што немаме многу лесна индустрија, тоа нека припадне во тоа минатото, отсега натаму што ќе направиме треба да направиме, затоа што претежно нашата земја е земјоделска, претежно овоштарска итн. целиот тој регион од Ресен па до Полог, тоа е овоштарски регион, а ми се чини дека нема ниедна фабрика за обработка на тие производи. Значи да се активираат тие фабрики.

И уште една слабост има Министерството за земјоделство. Министерството за земјоделство, односно сите наши министерства освен некои министерства не ги имаат сите структури за работење. Јас ќе ви кажам кои структури ги немаме. Ние немаме конкретно луѓе кои работат таму во овоштарството, немаме луѓе кои работат директно со земјоделецот што сее жито, нашето земјиште не е парцелизирано за културите кои треба да виреат во одделни реони. А тие да бидат актерите што треба да се направи во одделни области? Јас барам одговор од господинот министер дали тие луѓе ние ги имаме во тоа министерство кое е највважно можеби во нашата Република. За последиците со патишта, со ова со она, за тоа не сме ние виновни, не е виновна ниту Владата. Политиката која ја водеше претходниот режим односно тој систем тој гледаше побрзо да го уништи селото, а да ги има луѓето под своја контрола, затоа што ќе бидат блиску до тој центар каде што најдобро ќе се контролираат и најдобро ќе можат да се казнат невиновни. Да ги повратиме сега луѓето, да ги вратиме во

земјоделието, да ги вратиме во селото. Тука не е во прашање само патот, тука има повеќе фактори кои треба да го вратат земјоделецот назад. Да вратите вие едно дете ваше кои бевте земјоделци, затоа многу тешко ќе оди затоа што тоа дете не знае ниту кокошка да нахрани, а камоли да ора, да сее, да сади. Тешко се враќа. И уште една поголема грешка. Ние зборувавме за приватизација и за враќање на имотите. Шумарството тотално се уништува без никаков пардон. Никој не вика дека тие парцели од шумите се на филан, на филан човек. Приватизацијата на земјата, не се врати земјата на тој што треба да ја работи. Се задржа на тие, ајде да кажам бегови и тие сега управуваат со таа земја. Сигурно сега и земјоделецот и ако сака да работи нешто и ако е во селото ќе му дадат едно парче земјиште каде што желките не можат да живеат, а останатото му е одземено итн. итн. Има некои добри само домаќини да ги речам кои во некои места во источниот дел на Македонија каде што реонизацијата ја имаат направено така што иако беа сиромашни тие го вратија сточарството на некој начин овците, козите и го заживеаа малку таму стопанството иако се со земјиште послаби од другите реони. Јас пак ќе ве прашам . Јас не можам да разберам сите зборуваме, читаме кажуваме. Кој е тој фактор кој треба да се грижи за земјоделецот. Сакам еден да дојде да ми каже тука, фактор за тоа е овој Митко! Сега сите бараме, а никој не вика дека овој човек треба да ја заврши оваа работа. Ќе си кажеме тука, ќе си се раправаме, ќе си ги задоволиме страстите и ќе си одиме. По една недела, две ако дојдеме истото пак ќе го повториме. Значи амин на работата , никој не презема ништо. Јас имам повеќе работи забележано, но сакам да ви кажам една работа. Турците имаат еден збор баши бозук аскер. Значи ние како да работиме на баши бозук. Јас ви кажувам и ви тврдам две години сум тука ова прашање за земјоделието можеби по втор пат е многу

засегнато. И ви тврдам дека и така ќе си остане. Тешко на тие земјоделци што чекаат од нас да им ги задоволиме сите работи да му ги откупиме производите и да ги задоволиме со пари. Им се зема без пари, се чека инфлација врз инфлација, му се плаќа кога не може да земе ништо. Кога ќе се направи една математика, Мицевски кажа една сметка јас убаво ја запаметив, кога требал да земе 1 милион и шесто, или осумсто илјади денари тој добил само 640 илјади денари и не му се исплаќа само работата и лебот што го јаде. Според тоа ние никако не можеме да одиме напред во тој поглед. Министерот за земјоделство ми се чини е најодговорен и тој треба да ги земе во свој раце концитe и Министерството за трговија. Ако тие министерства двете соработуваат и увидат што зборуваат тука пратениците и што бараат луѓето ми се чини тоа ќе се подобри и тоа за краток период за компензации на стоката ми се чини тоа не е тешко да го направат. Како можат грците забранија некои стоки да земат од надвор. Производи кои Грција ги произведува дури не се потроши таа роба не зема тој банани, ќе умре за банана, но не ја зема. Нашата стока стои на пазарот, одете на пазар и ќе ги видите сите јужни производи, цела Грција ќе ти ја донесат, а јаболките, крушите ќе ни скапуваат во Ресен, или во Тетово, Гостивар и таму каде што се произведуваат- Еднаш за секогаш треба да разбереме, ако сакаме да ги заштитиме наштети производи треба да ги заштитиме самите, а ако ги штитиме самите ќе го заштитиме нашето стопанство. Ако одиме така анахронично ние не правиме ништо.

И сега незнам, не памтам колку беше буџетот распределен во таа насока на земјоделието, на сточарството итн. Мене ми се чини дека барем 35, или 40% од буџетот на Македонија од тоа што го имаме да оди во таа гранка ако сакате да имаме напредок, ако ме сфатите. Ако не ме сфатите, тогаш ќе чукаме слама без жито.

IX/8

**ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници во годината што мина како што е познато македонските производители на храна работеа и живееја во невидени тешки економски и политички услови. Блокираните граници што го стопираа увозот на разните репроматеријали за потребите на сите сеидби и извозот на пазарните вишоци на храна на странските пазари, недостигот на парични средства за организирање на селско стопанското производство сушата и сеуште нерешениот статус на приватните земјоделци во прокламираното пазарно стопанство беа сопка што не дозволија низ нашите полиња да се роди богата жетва од сите земјоделски култури. Меѓутоа, и она што се роди за нас и нашата сиромаштија денес можеме да кажеме дека беше бериќетна и ако нашата држава ја послужи таква жетва и во оваа година сигурно полесно ќе му одолееме на надворешните притисоци што и преку храната сакаат да ја дестабилизираат Македонија.. Добрата жетва во 199 3 година уште еднаш ќе им каже на нашите непријатели дека Македонија навистина може и има услови од сопствени ниви да обезбеди доволно храна за своето население.

Х/1/рд/см

**ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ:** (Продолжение).

Јас како претставник на битолските земјоделци кои климата и земјата ги натерало да произведуваат земјоделски култури без кои не може да се замисли ниту една трпеза, денес кога во овој Парламент се расправа за успесите и неуспесите во земјоделството во 1992 го- дина немав да зборувам за тоа, за успесите и неуспесите на сите досегашни аграрни политики ако ги имало до сега. Јас сметам дека наместо тоа нашето пратеничко внимание треба да го свртиме на друга страна. Треба да се договориме како и на кој начин ќе им помогнеме на нашите земјоделци во ова тешко работно и производно време за да можат тие од нивните ораници во оваа земјоделска година да остварат поголемо и поквалитетно производство преку кое сите ние полесно ќе одиме напред, зашто секој добро знае дека оној што има храна има се.

Второ, што треба да направиме за нивниот труд што се вложува во селското стопанство да биде платен и да не дојде само во служба на нашата социјала и на крајот добро платениот труд да стане најдобар патоказ за враќање во селото, или стопирање на процесите за раселување на македонското село. Во редовите на македонскиот аграр заради нашиот неодговорен однос кон замената на старата со нова законска регулатива и натаму постојат две категории на производители на храна: државни земјоделци и приватни земјоделци. За државните земјоделци и натаму се грижи државата, а приватните се оставени сами да се борат со своите работни и животни проблеми. Со оглед на тоа што јас доаѓам од подрачје со најмногу такви приватни земјоделци, ги има околу 26.000 приватни производители на храна предлагам во нивно име и во името на приватните земјоделци од другите краишта на државата, сега пред почетокот на годинашниве земјоделски работи да ги разгледаме нивните најактуелни проблеми. Да видиме како оди снабдувањето на овие категории на

земјоделци со семенска стока, минерални ѓубрива, гориво, резервни делови за машините и тракторите, парични средства за финансирање на сите производствени операции. Да видиме кој како и под кои услови ги откупува и продава овие репроматеријали, потоа дали кредитите за храна се во функција на храната или трговијата со се и сешто. Потоа да видиме како оваа година ќе работи македонското водостопанство во сферата на наводнувањето и одводнувањето. Дали системите за наводнување ќе работат како до сега. Од нивни закони и правила и со нивни присили извршувачи на пописи на имотите на непослушните земјоделци при наплата на водарината, или пак државата ќе стави крај на оваа игра со селаните. Може ли македонскиот земјоделец да се ослободи од оваа казна на македонското водостопанство и таа подеднакво да ја сносат сите што ја користат неговата евтина храна. Натаму на стартот на новата производна година, неопходно е разгледување на прашањето за директно кредитирање на земјоделците, од страна на банките за набавка на репроматеријали, за потребите на пролетната и есенската сеидба за што беа донесени одредени мерки, меѓутоа, одредени банки не ги почитуваа. Сметам дека банките што не ги почитуваа овие прописи не би требало да бидат корисници на кредитите од примарната емисија. Да нема примарна емисија и за оние претпријатија што ја злоупотребија нивната употреба. Инаку, кога се зборува на оваа тема сметам дека време е да се покрене прашањето со каматите на овие и другите кредити што сега за сега се превисоки и земјоделците не можат да ги поднесат. Државата треба и мора да им изнајде извори за регресирање на овие кредити, се разбира ако сака да има доволно храна и да биде независна за храна од соседите.

На крајот кога на дневен ред се наоѓа прашањето за откупот на земјоделските производи од ланскиот род, јас се придружувам кон

барањето на земјоделците за побрза исплата на задоцнетите премии на сончоглед, шеќерна репа, млеко и други култури. Битолските земјоделци ако неделава не успеат да ги добијат овие средства, правата ќе ги барат преку судот. Мојата дискусија би ја завршил со отворање на прашањето за претстојниот откуп на јагнињата кое како што е познато почна годинава со многу проблеми. Цената на јагнињата е ниска и со неа не може да се покријат производните трошоци на сточарите. Покрај тоа во откупот владее хаос, со него се занимава кој ќе стигне. Се нудат цени што меѓу сточарите создаваат несигурни купопродажни односи, односно некои од купувачите шетаат низ селата и ветуваат високи цени, а не земаат ниедно јагне за своите потреби. На кого му служи оваа игра во ова време. Јагнињата се производ кои на Македонија можат да и донесат значителни девизни средства во чие производство не се вложуваат скоро никакви девизи. И кон нивниот откуп треба подомаќинско однесување од страна на кланиците и извозниците. Во Македонија има доволно јагниња на битолските сточари за престојниот извоз подготвуваат над 60 грла млади јагниња. Сточарите работат околу ова производство и дење и ноќе меѓутоа, не знаат што ќе стане со неговиот пласман, со кои цени ќе биде откупен. На овој план посебна загриженост на земјоделците создава и веста дека македонските кланици ќе увезуваат јагниња од соседните држави, посебно од Србија. Ваквиот увоз би претставувал колеж на нашиот на нашето овчарство и ние мора со посебни мерки да го заштитиме, онака како што тоа преку царина и други давачки се прави во другите земји, или пак додека не се откупат македонските јагниња, не се врши увоз на јагниња од други земји. Инаку, за да се создаде ред во откупот на јагниња битолските сточари предлагаат Владата на Република Македонија да ги испита можностите загарантирани

откупни цени на јагнињата, со што би се ставил некаков ред во откупот на овој добиток. На крајот јас би завршил со тоа што ги прифаќам информацијата и заклучоците на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Својата дискусија практично би ја поделил во два дела и тоа во првиот дел би се задржал на оние земјоделски производители во кој би бил и сосема конкретен со конкретен предлог, а во другиот дел би дискутирал по информацијата.

Имајќи ги предвид исклучително тешките услови во оризопроизводството и производството на јаболка во Републиката, од присуство на залиха која се движи над 80%, состојбите со овие култури се крајно алармантни, при што тековната репродукција е доведена во знак на прашање односно земјоделските производители немаат средства за обавување на пролетната сеидба, а притоа е доведена во прашање и нивната егзистенција. Оттука предлагам републичките стоковни резерви да се вклучат во откуп на одредени количини, со кои ќе бидат задоволени и потребите во овие региони, односно за обавување на тековната репродукција, а притоа цените на овие производи ќе бидат во согласност со порастот на цените на мало.

Во вториот дел од својата дискусија би сакал да се задржам во делот на информацијата, односно проблемите во земјоделството во 1992 година. Веднаш морам да кажам дека времето во кое живееме во услови на нестабилна политичка состојба и војна на Балканот,блокадата, непризнаеноста на Републиката, немањето на финансиска помош,

перманентниот пад на индустриското производство, не даваат гаранција дека состојбите во земјоделството значајно ќе се подобрат. Но факт е дека и во такви тешки услови товарот и сиромаштијата различно ги чувствуваме поради тоа што аграрот беше и сеуште останува како производна дејност која го штити и сеуште го штити стандардот на граѓаните. Затоа не бараме поголем третман. Но рамноправен третман со другите стопански гранки.

Со проекцијата на монетарно - кредитната политика, согласно утврдените рамки за 1992 година во периодот септември - декември се реализира исклучително рестриктивна монетарна кредитна политика, со замрзнување на сите пласмани од средствата на примарната емисија. Тоа во услови кога активностите во областа на земјоделството во најголем дел финансиски се поддржува од средствата на примарната емисија, значеше необезбедување на доволно средства за откуп на земјоделски производи, а според прогнозите се очекуваше добар род од скоро сите земјоделски производи. Оттаму ваквата интервенција во подобрување на состојбите при откупот на земјоделското производство е задоцнето. За ова можевме да расправаме за тоа да имавме вистински ефекти кога се усвојуваше одлуката на монетарно - кредитната политика на Народна банка на Македонија. Морам да кажам дека одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната политика во 1992 година ја усвои ова Собрание по предлог на Народна банка на Македонија, со учество на еден или двајца дискутанти, укажаа на последиците на носењето на вакви одлуки во екот на прибирањето и откупот на повеќе земјоделски култури. Ваквата кредитна политика во сезоната на откупот на поголем број земјоделски производи предизвика огромна понуда, што имаше за последица намалување на откупните цени на земјоделските производи, ненавремена исплата на истите и нивно обезвреднувале на поради инфлацијата. Откупните

организации не беа во можност да интервенираат во откупот на земјоделските производи поради разбирливи причини што немаа средства,поради финансиската исцрпеност тие не се во состојба да ја обезбедат тековната репродукција, а камоли да издвојува средства за откуп на земјоделски производи, по- ради што беа принудени да користат комерцијални кредити со многу високи каматни стапки.

Поради спецификите на земјоделското производство и немаше на сопствени финансиски средства за тековно работење и откуп на земјоделски производи и понатаму неопходна е поддршката преку кредитирање, односно преку кредитни средства од примарната емисија, можеби во овој момент како и економска принуда. Мора да се каже и покрај високите каматни стапки тие се под реалниот пораст на инфлацијата односно порастот на цените на мало во 1992 година е 1724,3% а порастот на есконтната стапка е 1050% што е знатно повисока од порастот на цените на мало, односно од порастот на инфлацијата. Но и покрај тоа сточарското производство е пооптоварено со камати по кредити во однос на вкупното стопанство, поради биолошкиот циклус на производството, при што во земјоделството имаме обратен капитал а во сточарското производство тој обрт, е испод 1. Оттаму без почитување на спецификите на земјоделското производство, но и отстранување на бројните сопствени слабости, аграрот тешко ќе излезе од финансиските тешкотии. Имајќи ја предвид презадолженоста на аграрот, неопходно се наметнува потребата да се изврши конверзија на краткорочните кредити во долгорочни, со што ќе се подобри состојбата со обртни средства кај стопанските субјекти од примарното земјоделско производство.

И покрај добрите остварувања во 1992 година по физички обем кај повеќе земјоделски култури, како и порано не се пропратени со соодветни финансиски резултати, помеѓу другото и како резултат на диспаритетите помеѓу цените на земјоделските производи и цените на индустриските производи, особено цените на репроматеријалите, што може да се согледа и од индексот на порастот на цените на индустриските производи за ноември 1992 година во споредба со истиот период во 1991 година кој изнесува 2308,2%. Во истиот период индексот на цените на производителите на земјоделски производи изнесуваше 1692,8%, или 615,4 индексни поени, цените на индустриските производи имаат поголем пораст. Неоспорен е фактот дека во структурата на цената на секој земјоделски производ инпутите, односно репроматеријалите имаат значајно место при што се доведува во прашање конкурентноста и рентабилноста скоро на сите земјоделски култури, а со тоа и егзистенцијата на земјоделските производители. Ако се проанализира структурата на цената на било кој земјоделски производ ќе се види дека со најголемо учество се каматите по кредитите, односно давачките на државата, потоа це цените на инпутите, односно репроматеријалите кои во економската заедница за разлика од кај нас се повисоки за 2 до 3 пати, а најмалиот дел во цената на земјоделскиот производ е трудот на земјоделецот, односно при ова имаме и во земјоделските организации, имаме исклучително ниски лични доходи, при што просечниот личен доход е за 4 пати помал од тој во индустријата , односно при организациите кои имаат монополска положба. Оттаму домашните земјоделски производи никако не можат да имаат светски цени, поради високите цени на инпутите, а од друга страна производите од развиените земји во себе содржат висок степен на синуации, како на инпутите, исто така високи се извозните субвенции. Примерот со Австрија,

сите знаеме дека Австрија е алпска земја, но помалку се знае податокот дека Австрија е извозник на милион тони пченица, кои што извозната субвенција е повисока за 50% од домицилната цена. Поради високите цени на репроматеријалите и премиите ја губат својата функција за заштита на примарното земјоделско производство и практично тие се ставени во функција на заштита на производителите на репроматеријали, односно производителите на заштитни средства или вештачки ѓубрива. Во овој случај би го коментирал примерот со цената на млекото при што во текот на 199 2 година имаме практично зголемување 5 пати на цената на млекото која почнува со 50 динари и завршува со 400 динари или цената на млекото е зголемена во текот на 1992 година за 8 пати, додека цените на мало до 11-ти месец се зголемени за 16,24%, додека цените на индустриските производи за 18,4 пати не посто. Притоа, ако се проанализира цената на инпутот, односно амбалажата, ќе се види исто така дека и таа расте со пораст некаде од 16 пати. Притоа, сосема јасно се гледа дека имаме од една страна лимитирани цени од страна на државата, додека инпутите немаат контрола од страна на државата, при што знатно се намалува и заработувачката на земјоделските производители, односно изостанува економската мотивираност при производството на овие производи, кои се лимитирани од страна на државата. Да не ви го спомнам во овој случај примерот со пченицата.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ**: (Продолжение)

При ова единствено се водеше сметка да се постигне рамнотежа на понудата и побарувачката на пазарот, без да се води грижа каде ќе се најде домашниот производител, а од што најголема корист имаат трговците.

Поради отсуството на економската мотивираност многу производи особено од сточарството се откажуваат од производство, па се наметнува потреба од увоз и на овие производи кои можат да се произведуваат во Републиката. Токму затоа оваа информација треба да послужи за проблематизирање на прашањата за изготвување на заокружена аграрна политика за развој на аграрот со чиј инструментариум на мерки ќе се создадат основните претпоставки за економска мотивираност и зголемено производство и намалување на дефицитот на стоки неопходни за Републиката.

Развиените земји на запад во заштитата и поттикнувањето на производството и извозот на земјоделските производи покрај царинската заштита применуваат многу развиени систем на царински мерки кој во основа е најзначаен механизам на нивниот заштитен режим за овој сектор.

Спрема номенклатурата на ГАТ овие мерки и контингентите по количина и време, увозните и извозните дозволи, премиите, извозните субвенции, даночни и други фискални и финансиски олеснувања, увозните такси и др. Прелевманите се во тесна функционална врска со домашните цени со кои се поддржува домашното земјоделско производство и истите во нормални услови на стопанисување ќе служи и како мерка за регулирање на цените на пазарот со кои цени на пазарот ќе бидат задоволени и

домашните производители и потрошувачите. Прелевманот како заштитна мерка не треба да се воведе само за оние производи кои се суфицитарни на пазарот, туку и за оние производи кои не се произведуваат во доволна количина како што се месо, млеко, зејтин, шеќер чие производство би било загрозено од нелојалната конкуренција и дампинг цените на производителите од увоз.

Во оваа прилика би го спомнал увозот на повеќе производи во 1992 година при кој увоз не е пресметан ни динар прелевман, а кој прелевман мислам дека ќе има битна функција за поттикнување на домашниот пазар и поттикнување на извозот на земјоделското производство во Републиката.

Средствата од наплатата на прелевманите при увозот ќе се уплатуваат во соодветни фондови. Субвенциите имаат слична функција при извозот, како и прелевманите при увозот за совладување на аграрниот протекционизам при што се наметнува потребата од активирање на фондовите во Стопанската комора кои ќе имаат многу важна функција при извозот.

Во овој контекст би ја спомнал и функцијата на материјалните резерви иако стално се наоѓаат во ситуација при донесувањето на буџетот да побаруваат доста средства, меѓутоа, за возврат добиваат многу малку средства.

Функцијата на материјалните резерви во заштита на земјоделското производство е многу битна од една страна во штитењето на примарното земјоделско производство, а од друга страна штит сето на стандардот на граѓаните при што имаат важна функција во регулирањето на цените на домашниот пазар.

Оттаму треба да се потсети дека субвенционирањето на земјоделството е сложен коегзистентен систем и е составен и значаен дел на аграрната политика на една држава насочена на преструктуирање на аграрното производство за зголемен извоз и обезбедување на ефикасна увозна заштита како и интегрален дел на регионалниот и вкупниот стопански развој на сите земји па и на нашата Република.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас би ве замолил, ако може за повеќе да се слушаме бидејќи интересот е намален за оваа тема.

Исто така, сакам да кажам дека често пати на овој Парламент му се замера веќе две години бидејќи не расправал за економски теми од областа на стопанството. Која е поголема гранка и поголема основа на оваа држава од земјоделието, од аграрот во Македонија. Затоа би требало да му посветиме нужно внимание и министерот да може да не сослуша и доколку некој најде од нашите излагања умни предлози да ги преточи во програмата и политиката за развој на земјоделието т.е. аграрот во 1993 година.

Јас, како и сите други дискутанти ќе се трудам нормално да не се повторам за некои работи кои беа кажани, меѓутоа секое поклопување со некои искази е ненамерно и затоа претходно се извинувам ако дојде до поклопување на тие искази.

Информацијата како информација е кратка, јасна и за самата содржина нема што да дискутирам. Повеќе ми личи на отсликување на проблемите во аграрот што се моментално во Македонија. Но, ние знаеме

дека еве веќе две години работиме во овој Парламент, присуствуваме и на помошните тела како што е Комисијата и од претходната Влада и од оваа Влада јас како пратеник сеуште не гледам темелно разработување на сите законски акти од областа на земјоделието и да можат успешно да се вклопат во политиката која треба да се води во Република Македонија. Навистина, за мене ова е една импровизација на планот на аграрот во нашата држава затоа што, морам да констатирам и овој пат дека земјоделието е последната гранка во РМ и е најпотценувачкиот дел што може да постои кај нас. И порано еднаш истакнав навистина земјоделскиот работник непосредниот производител навистина ми личи на закрепостен селанец, сеуште за жал, во оваа наша држава. Иако се трудиме и настојуваме сите еве од оваа говорница сега да укажеме на тоа дека има проблеми во аграрот, но како да не знаеме како да ги разрешиме.

Прво, во оваа информација што ми пречи многу и навистина не би допуштил повеќе како пратеник,а и како пратеничка група еднаш да се направи еден рез или треба да се отстрани оваа дилема повеќе во ваквите информации да не се третира општествен индивидуален сектор општествени служби, индивидуални служби. Како што беше и минатиот пат кога разгледувавме една програма од областа на земјоделието и финансирањето со буџетски средства исто и сега гледам одредени средства што се користат во Републиката чисто одат само за подмирување на обврските на овие вработени кои се наоѓаат на таквите служби, а суштински, содржински менување на односот кон материјата нема т.е. кон аграрот нема. Ние фактички финансираме само луѓе вработени во овие служби и ништо повеќе.

Понатаму, не би сакал да цитирам, меѓутоа стои тука дека се одржале некакви републички смотри, натпревари. Ова време господа не е време за тргање на титови бразди, не е време за правење на импровизации во

аграрот, туку е време да направиме коренити промени. Еве две години тапкаме во исто место, а земјоделците уште повеќе тонат. Доволен пример можат да ни послужат само неисплатените премии, неисплатениот регрес за нафтата во минатата година и да не говориме за уште поголеми проблеми кои, ако би ги изнел овде ми треба еден ден да дискутирам по тие прашања.

Значи, и ние во Македонија апсолутно немаме една национална програма за развој на аграрот во оваа држава. За жал поминаа две години ние имаме институции во оваа Република имаме МАНУ, имаме Институт за земјоделие, имаме Факултет за земјоделство, па имаме виши школи, па имаме други универзитети испоставени во другите градови на РМ. Се уште стоиме на истото место и на истата позиција како кога дојдовме првиот ден кога стапнавме во овој парламент. Како сакаме да ги менуваме работите? Јас апсолутно незнам да ви кажам искрено макар што проблемите ми се познати затоа што контактирам со стручни луѓе и дома имам таков стручњак кој работи непосредно во такво производство, но, за жал, ништо досега не се поместило и ова статус кво се труди и оваа влада да го продолжи на истиот начин како и претходната. Нема направено никаков крупен чекор.

Еве за илустрација господине министре ќе ве молам со нај- искрени желби да не ме Свадите дека сакам да ве критикувам, со најискрени желби за помош во оваа област, сигурен сум дека вие сте доволно стручен како доктор на науки и работите на Земјоделскиот факултет во Скопје, мислам дека ги познавате работите, но она што досега не е преземено, а вие требаше како министер од претходната влада во примопредавањето да имате нешто предвид, законите што требаше да ги донесеме пред две години од областа на наводнувањето, од областа на одводнувањето, до сега еве веќе две години не се чепнати истите проблеми и две години ние во Битола се соочуваме со тие проблеми затоа што имаме крупен систем за

XI/6

наводнување каков што е системот "Стрежево" но, проблемите останаа. Зошто останаа? Останаа затоа што сеуште новиот закон за користење на водите во РМ, такви системи имаме повеќе, сеуште не е донесен и таа материја не е регулирана. Земјоделците протестираат не знаат врз кои основи да се плаќа водниот надомест. исто така кога сме кај Стрежево во одреден дел на Пелагонискотo поле се отпочна со комасација прв пат во историјата на Македонија еден таков процес да се отпочне со комасација на земјиштето во атарот Пелагонискиот дел и селото Логоварди. Меѓутоа јас во сите овие информации иако таа комасација беше започната, беше извршен и премер на лице место, имаше и сртучњаци, снимање се изврши итн.,во сите овие досегашни информации не гледам ништо попипливо од страна на ресорното министерство во поглед на продолжување на таа акција. Затоа што еден систем како што е Стрежево и што треба да наводнува толку земјоделски површини не може максимално и оптимално да се користи доколку не се направи комасација на земјиштето, и апсолутно се прават големи штети затоа што нема групирање на земјоделските производи на едно место на една парцела, на еден простор се стави една култура, одма до неа се сади друга култура што не одговара за наводнување и се прават катастрофални штети. Затоа велам на тој план треба за оваа година ве молам да видите и кога ќе се донесува Буџетот на Република Македонија да се изнајдат можности, да се изнајдат средства и да се продолжи таа комасација. Исто така, кога сме кај наводнувањето за одводнувањето е посебна приказна во општината Битола. Уште некаде од 1962 година донесен е еден закон за одводнување и водостопанската организација во Битола сеуште врз основа на тој закон врши наплата за одводнвуање

а состојбата на теренот практично е катастрофална. Ако поголем дел од прибраните води со системот "Стрежево" и други канали сепак малку се подобри состојбата, но ако врнежите и снегот има поголемо топење, тогаш голем дел од површините под Битола односно Пелагониската котлина се наоѓаат буквално под вода, а одводнување нема. Тие канали што се ископани повеќе години иако за нив се одвојуваат средства, селаните плаќаат како воден надомест, меѓутоа, тие канали се обрастени и со трева и со врби и не ја вршат првобитната функција како што беше во времето кога беа направени.

Значи, во тој однос на законската регулатива господине министре ќе ве молам треба да проверите дали овој закон ја има правата целисходност кој е донесен некаде 1962 година да се види дали може со друг акт или со друг закон оваа материја да се регулира затоа што во општина Битола доаѓа до масовен бунт, масовен револт околу наплатата на водниот надомест и одводнувањето. Тие велат ние немаме одводнување, страдаме од есенските и пролетните дождови и од водата а од друга страна парадоксално се прибираат вакви средства. Поставени се некои организации кои ги прибираат парите и се наоѓаме во многу незгодна состојба и затоа доколку работите не ги регулираме со закон, не функционира правната држава како што треба, нормално е вонинституционално луѓето ќе се самоорганизираат и ќе дојде до несакани сцени како што досега доаѓаше.

Да продолжам понатаму бидејќи се среќаваме со огромни тешкотии во поглед на реприватизацијата која ни претстои, вие знаете пред нас ќе биде законот за трансформација на општествениот капитал, не е можно поготово кај нас во Битолско, јас дискутирам за кај нас, бидејќи сум пратеник на 20-30 села од општината Битола, не е можно доколку не се

регулираат имотно - правните односи, а таму владее голем хаос, нема да може да се врши никаква трансформација на општествен капитал или некоја комасација или прегрупирање на земјиштето. Зошто? Причината е едноставна. Има објекти за овие 45 години изградени на површини на квалитетно земјиште, на прва класа земјиште, одземени се со експропријација или присилно одземени, без надоместок итн. Тие имотно - правни односи ако не се регулираат ние не можеме во никој случај да продолжиме со овие системски закони кои треба да ги донесеме во македонскиот Парламент. Ќе имаме фактички една реална пречка за да се спроведат во дело.

Кога сме кај ова прашање исто така треба во тој правец господине министре, бидејќи состојбите се застрашувачки голем дел од обработливите површини се одземаат присилно, тука имам пратеници кои добро знаат дека во поново време има изградено викенд куќи, гаражи за поправка, а сега со развојот на малото стопанство ќе се градат уште, има опасна узурпација на земјиштето и пренамена на истото. Кога еднаш на обработливо земјиште се постави бетон или железо нема враќање на тоа земјиште. Таквата состојба во Јапонија е сосема поинаква во поглед на значењето и корисноста на земјоделската површина, а ние во Македонија на едно парче земја од 200 кило- метри се расфрламе како да имаме кој знае колку и кој знае колку да сме богати. Затоа ќе треба и на тој план Законот за заштита на обработливото земјиште треба да се донесе или да се ревидира. Тука имаме опасни проблеми.

Со завршувањето на овој дел, сакам да укажам на уште еден факт. Аграрот во Република Македонија се соочува со големи тешкотии. Повеќето дискутанти се искажаа, имаше добри дискусии и од едната и другата страна, јас би сакал да подвлечам уште еден голем аргумент.

XI/9

Во нашата општина имаме карактеристични области каде што еден дел е особено подобро развиен во поглед на аграрот и во поглед на стопанството, мислам на индустријата, а други делови се запоставени во крајност и оставени на милост и немилост. Затоа сметам дека во наредниот период, барем во оваа година што доаѓа Министерството во содејство со институтите и сите институти што ги имаме во Републиката треба да направат еден поголем елаборат или аграрната политика да ја базираат врз основа на веродостојни показатели и анализи кои ќе покажат и докажат што треба да се преземе во аграрот во Република Македонија за да можеме и ние како пратеници овде во овој Парламент релевантно да одлучуваме.

Овде стана збор од пратеникот Трајан Мицевски за областа Мариово кај нас. Имаме парадоксална состојба. Од една страна на десет километри се наоѓаме до една индустриски развиена област Пелагонија, па РЕК Битола, а да се префрлите преку едно мало ритче се наоѓаме во една друга средина каде состојбите се катастрофални не се ни за кажување. Не сакам ни да се повторувам, тотално уништување на еден предел, а такви предели за други паметни земји би биле неисцрплив материјал за ангажирање на цел потенцијал на државата.

На пример, имаме градежна оператива, имаме стручњаци од областа на земјоделието, имаме економисти, правници, Институт за политичко - правни истражувања да ги вклучиме сите стручни лица и да видиме на овој терен што може да се направи во тој поглед. Парите се тука дел од оние бирократски сили во Македонија што црпат средства од Буџетот ќе ги затнеме тие чепови и ќе ги пренамениме тие средства во земјоделието. Цели 50 години во земјоделието до сега ништо не е вложувано. Како сакаме да имаме земјоделие и како сакаме да имаме здрав стомак. Затоа сите ќе имаме чиреви. Французите велат ние почнуваме од стомакот, изгледа ние

прво почнуваме од главата а последен е стомакот. Земјоделието е стомак на нацијата и ако не се обрнеме за поскоро време, бидејќи сме аграрна земја, верувајте нам спасот нема да ни биде само во областа на стопанството и во градење по селата текстилна индустрија, како што е случајот во Витолишта.

XII/1.- ПЈ/ВБ

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:** (продолжение)

Имам право на такво мислење, во Витолиште во центарот на најземјоделскито и најсточарскиот крај во Македонија каде што треба да се развие сточарство и земјоделство, ние градиме фабрика за производство на ткаенини и од земјоделски работници со сила правиме индустриски работници и тоа во најнедоходовна гранка - текстилот Тоа е апсурд, тоа е парадокс и јас незнам како да го наречам. Затоа, велам господине министре, навистина, пред вас, а и пред нас претстои голема обврска. Оној хаос што постои во нашата државна администрација, навистина оваа година треба да направиме крупен чекор напред. Еднаш тој вишок, тие луѓе што се наоѓаат непотребно во сите овие служби за развој на индивидуалното земјоделство, служби по разни комбинати, па и институти итн., па и републичка управа, треба да се направи длабок рез тие луѓе да се сведат на минимум и се она непотребно корисно за управување во државата. А сите тие средства што досега непотребно и неповратно одеа за финансирање само на плати и општествена самоисхрана, треба да ги пренасочиме за земјоделството. Истото тоа треба да го направиме и со добивање на кредити од страна на други земји или институции кои постојат во светот.

Последно ако сакате најголем ќеф и мерак ќе ми биде ако овој кредит од 25 милиони долари на господинот Сорос, бидејќи нафтената криза ја поминавме, еве така се гледа состојбата, да се наменат стриктно во областа на аграрот. Да видиме еднаш, да пробаме дали одредени средства ќе вродат со поголем плод во областа на аграро и земјоделството, односно да финансираме некои политички програми и да правиме ујдурми во нашата држава. Еве навистина, искрено ви велам дека ова ми е најголема желба. Доколку се случи такви квалитетни средства еднаш во Македонија да видиме да се вложат, а и строго наменски да се користат. А не како

XII/2.-

досега што се случуваше  и со зелениот план во општина Битола, го искористија најголемите моќници и направија најубави вили по ридовите и по плажите на Преспа и на Охрид. Кога сме тука кај финансирањето уште еден факт и аргумент сакам да го потенцирам и ќе завршам. Фондот за недоволно развиените подрачја на Република Македонија, исто така, имавме една информација и таа ја прочитавме и видовме што се внатре се финансира Најголемиот дел од оние средства од Фондот за неразвиени подрачја на Републиката, исто така и по гранични зони, користени се во областа на индустријата. Во земјоделството има 20 или 25 % ако не се лажам бројката е од овие квалитетни средства. Таму пишува дека не се користат овие средства од Фондот за неразвиените подрачја бидејќи на одредени простори во Републиката не постојат (им се обраќа на пратениците зошто не го слушаат)... Па еве убава тема сега дајте слушајте...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам продолжете. Јас интервенирам, но тие слушаат само она што ги интересира. Продолжете и не влегувајте во дијалог со нив.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Ама со душа чекав една стопанска тема и сега навистина не ме слушаат.

Кога сме кај финансирањето најмал дел беше финансирањето во областа на аграрот. Исто така, стои во таа Информација од Фондот за недоволно развиените подрачја дека на одредени области нема доволно стопански субјекти кои ќе направат одредени квалитетни програми или анализи за да можат да ги користат овие средства од Фондот за недоволно развиените подрачја. Како може ако не се стави од страна на државата рака, во тој поглед ние да очекуваме парцијално или некој од одозгора од

небото да слезе, па со волшебно стапче да може да ги направи овие стопански субјекти во овие стопански недоволно развиени подрачја. Државата е таа која ќе направи план програма за идните 10,15 или 20 години и строго наменски средства ќе издвојува во тој поглед. На тој начин кога организирано ќе се дејствува ќе можеме успешно да создадеме и такви приватни или општествени државни субјекти, кои ќе го носат товарот на развојот во овие недоволно развиени подрачја.

Исто така, во поглед на доделувањето на овие квалитетни средства од овој Фонд. Кажано е дека каматните стапки се големи, а исто така и оној почетен влог, или почетен капитал што треба да го дадат стопанските и приватните субјекти е исто така голем. Тука господине министре треба вие во соодност со другите институции и со другото ресорно министерство за финансии па и со Народната банка треба тоа прашање што поскоро да се согледа целосно и да излезете конечно со една програма и да видиме што можеме понатаму да направиме во полето и планот на аграрот во Република Македонија. Зашто, верувајте, понатаму вака не ќе можеме. Македонија е аграрна земја, проблемите во аграрот ќе ги изострат и политичките и другите социјални проблеми и ќе настанат немили сцени ако вака индолентно се однесуваме кон оваа стопанска гранка многу важна за Македонија.

**БОРИС ГОРЧЕВСКИ:**

Господа, навистина малку ми е чудно што се потсмеваме со својата судбина и со својот народ, особено со земјоделството. Навистина тоа е чудно, не насочува кој што, но ме зачудува. Јас ќе започнам со онаа народната дека домаќинот се препознава по згриженоста на своите деца. А на Владата огледало и се министерствата. Оттука, се гледа колку е заинтересирана за аграрот. Зошто, реков, за аграрот? Имав прилика на

XII/4.-

неколку пати да го посетам министерството за земјоделство и таму навистина има што да се види. Ова го велам во споредба со другите министерства во какви услови работат тие а во какви министерството за земјоделство. Истото работи во такви услови односно неуслови што јас верувам дека може да биде загрозено и здравјето на вработените, а тоа секој може да го види во какви дотраени бараки работното време го поминуваат вработените и верувам дека после работното време тука играат брканица само мачките и глувците, ништо друго. Затоа споменав колку Владата е загрижена за аграрот. Но, не значи дека истото не треба да се бори за сопствениот идентитет односно да се докажува за аграрот и покрај тешките услови. Јас слушнав доста искажани бројки, правди и неправди према земјоделството и локални дискусии, но сепак и во локалните има проблеми што навистина се тешки. А ќе спомнам едно и од нив. Климатските услови и киселоста на почвата од Пелагонискиот регион, поточно регионот каде ја зафаќа Прилепската општина не дозволува одгледување на други култури што може да бидат доходовни за доволна егзистенција на населението во денешни услови и затоа се определиле за тутунот. Зошто го велам ова? Скоро сите градинарски култури во споредба со некои други општини во Републикава стасуваат толку доцна што цената е нападната 5:1. Тоа значи едно исто лице треба да обработи 5 декари за да добие профит исто толку што во други општини со тие исти култури што ги произведува во раните месеци во годината и високата цена ќе го добие тој профит. Да спомнам дека и житните култури не профитираат баш најдобро, а тоа е докажано и со приносите што ги дава тој дел на Пелагонија. Затоа сакале или не жителите на Пелагониската општина се определиле за производство на тутун што добро успева на тоа поднебје. Но, што се случува сега? Прилепската општина по бројот на невработените на населението е една до водечките во Македонија, а тоа е последица на

поранешната политика што е водена дека на Прилепчани не им е потребна поголема индустрија, затоа што може да егзистираат од тутунот. Сега се видоа последиците од таа политика што некои погрешно ја воделе на штета на Прилепската општина. Велам зошто сега се видоа тие последици. Повеќето работни организации се на границата на рентабилноста на работењето или пред стечај и работниците со месеци наназад немаат примено личен доход а некои работни организации отидоа и во стечај. Затоа, Прилепска општина не случајно гравитира уште поодамна на едно од последните места со просечен личен доход во Републикава. Оттука произлегува дека тутунот и другите култури биле само како дополнителен дел за егзистенција на тоа население. И што сега? во оваа економска криза што ја зафати нашата Република и кога запреа другите извори за живот поконкретно велам за Прилеп кој барем 60% од населението треба да егзистира од тутунот, а се разбира и од другите култури, а за нив веќе реков колку се недоходовни. Посебно ќе нагласам за тутунот кој во оваа криза и инфлација може да биде рентабилен за егзистенција на едно семејство. Ќе се послужам само со еден мал податок едно четворочлено семејства од кое се двајца работоспособни за тутунот, а да го кажам и тоа дека работните саати се неограничени тоа значи најмалку 16 саати се вложуваат и можат да произведат до 400 килограми тутун годишно. А добро знаеме колкава е цената на тутунот просек 3.200 денари. Кога би се помножила цената со кило- грамите за тие 400 килограми ќе се земе околу милион и 280 илјади денари и кога ќе се пресмета од таа сума над 30% расходи, тоа се кирија, орање, ѓубрење, наводнуваше и трошоци за превоз од нива до дома, тогаш само чудо може да го спаси тоа четворочлено семејство да преживее. Зошто го реков тоа да преживее кога од преостанатите пари ќе ги плати најосновните потреби, огрев, струја, вода, телевизија и комуналиите, тогаш

се прашувам дали постои таков врвен стручњак по економија да му пресмета на тоа семејство како може да преживее барем само 3 до 4 месеци, а останатите девет како? Тоа самите можат да го знаат. Не навлегувам во тоа колку тутунот може да се откупи и да се продаде, тоа е проблем на Владата да изнајде решенија, а тоа ќе мора најитно да го стори за да може да пронајде решение за- едно со тутунските комбинати, како тие луѓе можат да се спасат само да преживеат или пак тоа ќе го прави со социјална помош од ден за ден таканаречено крпен живот. Го велам ова што ќе го поткрепам со еден навистина за жал многу непријатно за Прилеп што Прилеп е на прво место во Републикава со социјално загрозено население во кое најмногу од населението веќе уште сега прима социјална помош во споредба со другите општини во Републикава.

На крајот да завршам иако има уште доста да се кажува не случајно Прилеп е и Прилепска општина, за жал, на прво место со протесни митинзи или штрајкови.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, очигледно е дека сме аграрна земја. Претходниот дискутант ја кажа таа изрека. Меѓутоа, тоа може да се повлече и од она за што станувасе збор денес тука. Очигледно е дека на нас сите ни лежи земјоделството. Не сакам да кажам дека ни лежи земјоделството, поради тоа што ако на детето му кажуваме дека ако не учи ќе остане земјоделец, не значи дека тоа е така. Меѓутоа, од расправата од поголемиот број на пратеници кои што тука зборуваа, по се изгледа дека и од тоа произлегува. Мое е да кажам дека со развојот на земјоделството, не може секој да се бави. Земјоделството кај нас има ум, има кадар и предлагам тоа да им го ставиме на нив, нека тие се бават со

тоа, а ние да предложиме мерки да им создадеме услови како да излезе земјоделството од таквите неповолни состојби. Денес повеќе се зборуваше за излез од состојбите во земјоделството, отколку што се зборуваше за информацијата. Скоро никој не истакна за што се зборува за информацијата. Не се дадоа дали се тоа точни податоци или не, дали ќе се остварува нешто или не се остварува она што е зацртано, иако во Информацијата таквите работи се зацртани Јас само ќе кажам една работа, а тоа е дека на крајот на страница 17 од Информацијата се вели "Поради недоволниот прилив на паричните средства оценка е дека дел од мерките предвидени во Програмата нема да се реализираат, бидејќи исплатени се вкупно 262 милиони денари односно 53 од вкупно предвидените средства со буџетот од 500 милиони денари. Што правиме на оваа работа? За ова мислам дека треба да се ангажираме, бидејќи ние и она што го зацртуваме не се остварува. Токму поради тоа ќе предложам во заклучоците да влезе една посебна точка, бидејќи такво нешто не е речено, па ќе кажам дека точката 6 од заклучоците гласи "Неисплатените премии за предадено земјоделско производство ќе се исплатата со ревалоризациони вредности". Причините зошто ова го предлагам, а точката 6 да стане точка 7 итн., од заклучоците предложени од страна на Комисијата. Зошто тоа го предлагам, веројатно, сфаќате дека инфлацијата го чини своето и ако ние така постапуваме тогаш ќе значи дека ништо не сме направиле во оваа област. А сега неколку збора да кажам нешто за монетарно - кредитната политика. Во Информацијата што ја имаме за монетарно - кредитната политика во 1992 година што е дадена се кажува дека остварувањето на монетарно - кредитната политика во аграрот во Републиката се остваруваше во 1992 година согласно одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната политика, а во 1992 година и исто така во истата Информација се наведува дека имаме финансиска исцрпеност на правните субјекти од областа на

XII/8.-

земјоделството. По мене Информацијата која е денес на дневен ред би требало да послужи како основа при проектирањето на макроекономската политика во Републиката за 1993 година и поаѓајќи од тука ќе се обидам да дадам некои одредени мои смерници што да правиме во наредната 1993 година, односно во оваа година, бидејќи сликањето на состојбите она што е направено во Информацијата дава приказ за 1992 година. Било што да кажеме ние тоа е надмината работа и не можеме ништо повеќе да придонесеме. Токму поради тоа ќе наведам некои мои забелешки односно укажувања за тоа што треба да се има во монетарно - кредитната политика односно во аграрната политика на нашата Република. Стеснетиот пазар на земјоделските производи нужно го наметнува прашањето на измена на структурата на земјоделското производство со давање предимство на култури за кои е обезбеден пласман. Мислам дека со ова ќе се сложите сите, бидејќи сведоци сме на состојби кои што ни се создаваа во текот на 1992 година, а и 1991 година. Знаеме што ни се затвори пазарот, па ни останува производството. Веројатно, овие прилики ќе потраат уште. Не можеме како се одвиваат состојбите во Хрватска, во Босна, веројатно, дека нема да ни се случи брзо овој пазар да ни се отвори, иако ќе се прават напори. Заради тоа, мислам дека уште сега е време кога тоа се прави и кога е пролетната сеидба на праг, па да внимаваме што правиме. Да дадеме одредени правци за тоа на што да се упатат земјоделците за кои култури. Бидејќи за она што ќе нема пласман, ќе биде тешко и не ќе имаме никаква корист. Трошоци се прават а се знае колку изнесуваат тие трошоци. Во

идната проекција нужно место ќе мора да се даде на гарантирањето на откупот на земјоделски производи јас би рекол поконвертибилни цени, но исплата во денари. Бидејќи само така ќе можеме ние да го упатиме односно земјоделецот да биде заинтересиран за одредено производство. Доколку таква работа не направиме инфлацијата ќе не изеде како што ги изеде и резултатите од 1992 година кога имавме доста добро производство.

XIII/1 ЛП/ЛБ

**ГАЗМЕН АЈДАРАГА**: (продолжение)

Таква политика е позната и така се прави во земјите на заедничкиот европски пазар, па мислам дека така треба и ние да работиме, иако сеуште не сме за Европа.

Премирањето на земјоделското производство н наменето за извоз, исто така, треба да најде свое место во проекцијата и поаѓајќи од тоа дека немаме девизи, а одредени големи можности стојат во земјоделството, како што беше речено сега на прагот е извозот на јагнињата, тука мора да внимаваме и нешто да направиме. На крајот на краиштата, што би правеле? Па сите организации кои извезуваат тоа и го прават. Ако се сака да се земе девиза од некоја организација што има извоз, мора да се прави штицунг, мора да платиш по штиц, ако не, не можеш да добиеш девизи Зошто тогаш да не го обезбедиме тоа на земјоделецот и тој ќе биде посигурен, а исто така и производството ќе ни биде подобро.

Регресирањето на репроматеријалите, исто така нужно се налага да се задржи, дури и со повисок процент од оној што беше во 199 2 година. Јас имав можност да ја видам Проекцијата за макро- економската политика за 1992 година во областа на аграрот. Сега во проекцијата се предвидуваат 20% за вештачките ѓубрива и средствата за заштита на растенијата и 30% за семиња и семенски материјал. Јас се залагам за тоа овие проценти да ги зголемиме за 10%, што значи 30 за вештачките ѓубрива и 40% за семињата и семенскиот материјал.

Ако вака постапиме, мое мислење е дека ќе дадеме голем придонес во намалувањето на инфлацијата, па заради тоа предлагам во кредитно монетарната политика, ако веќе се зафатиме во буџетот да обезбедиме вакви средства во таа висина, тогаш можеме да обезбедиме и помалку средства од примарната емисија за земјоделството. Тогаш предлагам да се

намали тој процент, а не да остане како што е проектирано односно како што беше во минатата година.

Пратеникот Масалковски зборуваше за наводнувањето, а овде некои зборуваше и за одводнување. Јас како познавач на таа проблематика би рекол, посебно на Котевски, дека не постои закон за одводнуваше, туку тоа е Законот за водите и со Законот за водите тоа прашање е регулирано. Таму е речено дека се плаќа воден надомест за искористена, доведена и одведена вода. Посебен закон колку што мене ми е познато не постои. Можеби тоа ќе го каже подобар министерот, но со Законот за води е регулирано тоа прашање.

Јас сакам тука да кажам за прашањето на наводнувањето е навистина болно прашање. Тоа прашање ме боли и мене, а посебно ги боли земјоделците од мојот крај. Некаде 1969 година беше затворена браната на акумулацијата Шпиље. Пред да се затвори познато е дека околу 350-400 ха. најдобро земјоделско земјиште на подрачјето на општина Дебар поплави таа акумулација. При тоа беше земена обврска за надомест за обезбедување подобри услови за земјоделството кое во горниот дел нема услови за наводнување, за возврат да се обезбеди вода за наводнување. Се обезбеди вода за наводнување со пумпи, чие користеше земјоделците не се во состојба да го платат и заради тоа неколку години, иако системот за наводнување е изграден во Дебар, не може да се користи. Заради тоа мислам дека во идната аграрна политика треба да се видат и овие работи, да се изнудат решенија, да се види што ќе ни биде потребно, како ќе ги ефектуирање тие инвестиции што се вложени. Јас знам дека таму се вложени доста средства, иако е предвидено да се наводнуваат во првата фаза 1008 хектари, ако нема можности, односно цената на наводнувањето е доста голема. Тука е посебно прашањето на плаќањето максографот односно на тие удари - електростопанствениците тоа подобро го знаат,

бидејќи една пумпа се става во погон, а ударите се плаќаат, без воопшто да користиш енергија. Заради тоа мислам дека одредени работи ќе бидеме принудени да ги направиме, бидејќи само така ќе помогнеме на земјоделството. Во спротивно ние сме го оставиле земјоделецот во уште полоша состојба отколку што е.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател,,почитувани колеги и колешки, бидејќи постои ризик нешто да повторам, ќе бидам краток. Но бидејќи сме сите стручњаци од земјоделството исто како и од спортот, ќе морам да кажам неколку работи што јас мислам дека треба да ги кажам со ризик и нешто да се повтори но од причина што сакам да се потенцира, а не од причина што не треба да се повтори.

Аграрот како таков не е ништо изолиран од останатите севкупни активности во Македонија. Почнувајќи од Собранието и Владата кои треба да обезбедат предуслови за развојот на оваа гранка, индустријата што произведува за аграрот, науката како составен дел од него и ако сакате и како предводник и насочувач во аграрот, маркетингот како последен , но не и како најневажен елемент. Не мислам да зборувам и да ве заморувам со сите тие чинители зашто беа спомнати и елаборирани од повеќе пратеници, како на пример бруцелозата, но морам да повторам и несериозниот однос кон оваа болест која може да го уништи сточниот фонд што не се придржуваме стриктно до законот и со тоа е загрозен и човекот како консумент.

Науката што исто беше спомната преку станиците за унапредување на земјоделството кои не успеаа да допрат до крајниот потрошувач односно до земјоделецот да речеме во педеологијата, во селекционерството, заштитните средства и производство на еколошки здрава храна, посебно заштитните средства кои се злоупотребуваат и носат опасности за сите нас.

Неусогласеноста на суровинската база и преработувачките капацитети кои непосредно влијаат во затајувањето на откупот, земјоделецот сака да произведува евтино, но тоа не му е овозможено заради скапите чинители што влегуваат во состав на цената на производите. Нему му е приоритетен пласманот, а секундарна е цената на производот. Тој сака сигурност, ако произведе дека некој тој производ и ќе го купи.

Што се однесува во моментот кај нас, сакам да нагласам дека една култура, оризот со вековно искуство и традиција на пат е да исчезне од едноставна причина што не успеавме да обезбедиме алтернативни пазари во земјата на поранешните ЈУ простори, ЈУ пазари. Јас тврдам дека нашата земја има компаративна предност и сега во производство на ориз, споредено со сите наши соседи заради тоа што имаме најдобри услови, квалитет односно имаме знаење. При ваква состојба треба да се издржи до нормализирањето на пазарот, но како да се издржи со празни џебови и со полни амбари, ќе речете лесно кога се има што да се јаде, но не е така. Производителите на ориз нема зошто да сеат оваа година зашто како што знаете им стои така минатогодишниот а како што знаете оризот не се употребува за доби- точна храна како би се заокружил циклусот и претворил во месо. Јас се согласувам со предложените заклучоци на Комисијата, но сепак се плашам.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, ценето претседателство, за секоја при- лика па и за оваа информација треба долго да дебатираме, поконкретно за аграрот. Секој дискутира во зависност од регионот од кој доаѓа, кој за тутун, кој за грозје итн. или некој дури што не гласаше за кредитот на Сорос, па сега сепак е чекор напред, има потреба за таков кредит. Во сите информации, па и во оваа информација, се истакнува исклучиво "сложените економски

состојби, блокадите на патниот сообраќај, блокадите на платниот промет" и други проблеми. Како прв пат да сееме и жнееме, и тоа за изведување на есенската сеидба, за извршување на пролетната сеидба, за извршување на жетвата откупот итн. Ова мене ми изгледа како снег ќе падне во јануари месец а зимата не изненадува. Никако да се свртиме кон себе како држава и индивидуа, како институција па да бидеме подготвени во секој момент за сите предвидувања и варијанти што се елаборирани, да и помагаме на оваа бранша, односно и државата да знае да побара што сака да добие од оваа бранша. Навикнати сме со вакви интервенции како што е со нафтата и нафтените деривати во екот на сезоната.

Од горе изнесеното практично се поставува прашањето дали имаме концепција за развој на аграрот, бидејќи без развој на концепција ние секогаш ќе се повторуваме со вакви информации.

Го прашувам соодветното министерство: во Информацијата не е спомната агроберзата, па прашувам што е со таа агроберза и како функционира.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:**

Господа пратеници, јас не би имал многу што да кажам, бидејќи досегашната расправа која што беше беше толку исцрпна што сметам дека се беше кажано во однос на она што беше и слушано. Меѓутоа, бидејќи јас сум од западниот дел на Македонија, не можам да зборувам многу за земјоделството, земјоделството кај нас се знае какво е, меѓутоа, ќе се задржам малку на сточарскиот дел, бидејќи нашето место е исклучиво такво каде што конфигурацијата на земјиштето е за одгледување на добиток. Ако ги земеме нашите најубави планини Шар планина, Бистра, Стогово, каде што некогаш се вееја и пасеа толкав голем број на овци, каде што еден единствен човек имаше над 20 илјади глави овци, денес може да се рече дека во тие исти краишта нема толкава голема количина добиток како што

треба да има во овие планини. Што е причината за една ваква стагнација во однос на овчарството? Сметам дека стагнацијата на овчарството е поради тоа што цената на чинењето на овците е толку ниска, што не е во состојба да може да чува добиток, било да се работи за земјоделските стопанства,,било да се работи за индивидуалниот сектор. Јас ова ќе го поврзам исклучиво со минатогодишната откупна цена на јагнињата, а Македонија минатата година изгуби голем износ на пари. Бидејќи сега пак е дојдено времето на продавање на јагнињата, сметам дека треба да се поведе голема грижа во однос на откупот на јагнињата. Во која смисла? Минатата година нашите откупни станици, и тоа едни од нај- големите откупни станици кои беа, тоа е Гостивар и Штип, не можеа и не беа во можност да ги откупат јагнињата како што ги откупија лесковачките откупни станици, ги зедоа за многу евтини пари и ги продадоа за многу скапи девизи, бидејќи инфлацијата беше така голема што не беа во можност да ги имаат тие работи.

Затоа, сметам дека надлежното Министерство во времето на дојдувањето на откупот на јагнињата треба да поведе една голема сметка за да може инивидуалецот или стопанските организации односно земјоделските стопанства јагнињата да ги продадат со една скромна цена, за да може сточниот фонд да го зголемат и да имаме доволни количини бројчано добиток во тој крај, да не биде исто како минатата година туку да има една одредена цена. Затоа велам дека Министерството треба да има предвид една ваква работа. Сполајми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има уште седум пријавени дискутанти. Дали можеме да завршиме или сега да прекинеме? (повеќе дискутанти велат да прекинеме)

Добро, да продолжиме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 17,00 часот).